СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

# ОБРАЗОВАНИЕ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

ИЗВЕШТАЈ ОД ИСТРАЖУВАЊЕ

# **ВЛИЈАНИЕТО НА МЕРКИТЕ** НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КОВИД-19 ВРЗ **СЕКТОРОТ ОБРАЗОВАНИЕ**

Проектот е финансиран од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications Центар за граѓански комуникации

РЕАКТОР истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK

ОБРАЗОВАНИЕ
ВО ВРЕМЕ
НА ПАНДЕМИЈА

Извештај од истражување

# **Влијанието на мерките** на Владата на Република Северна Македонија за справување со КОВИД-19 врз **секторот образование**

**д-р Артан Лимани**

## ОБРАЗОВАНИЕ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА - Влијанието на мерките на Владата на Република Северна Македонија за справување со КОВИД–19 врз секторот образование

**ИЗДАВАЧ:**
Фондација Отворено општество – Македонија
**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**
Фани Каранфилова – Пановска, извршна директорка
**АВТОР:**
Артан Лимани
**УРЕДНИЦИ:**
Нада Наумовска
Сандра Анастасовска Кузмановски
Данче Даниловска – Бајдевска
**ГРАФИЧКА ПОДГОТОВКА:**
Бригада Дизајн
**ЛЕКТУРА И ПРЕВОД:**
Абакус

**CIP - Каталогизација во публикација**
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37:[616.98:578.834(497.7)(047)

ЛИМАНИ, Артан
Образование во време на пандемија [Електронски извор] : влијанието на мерките на Владата на Република Северна Македонија за справување со
Ковид–19 врз секторот образование : извештај од истражување / Артан Лимани. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2021

Начин на пристапување (URL): https://eur01.safelinks.protection.outlook.com/?url=https%3A%2F%2F www.dijalogkoneu.mk%2F&data=04%7C01%7C%7Cba54e8d 3057846addd5d08d967075b9a%7C6dd669296 4ee4888a65ab847baf12 c47%7C0%7C0%7C637654103566144449%7CUnknown%7CTWFpb GZsb3d8eyJWIjoiMC4wLjAw MDAiLCJQIjoiV2luMzIiLCJBTiI6Ik1haWwiLCJXVCI6Mn0%3D%7C10 00&sdata=Em2NJV1von1fRdOHi1U8NGOisHu8luYFfvL7wZqKuBc%3D&reserved=0. - Текст во PDF формат, содржи 56 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 24.08.2021. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-335-0

а) Образование – Ковид–19 – Пандемија – Мерки за справување – Македонија – Извештаи

COBISS.MK-ID 54733573

„Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторот и не ги одразува ставовите на Европската унија."

Борбата со Ковид 19 ќе биде долготрајна каде за да победиме ќе биде потребен кохерентен системски пристап. Тоа што започнува како здравствена криза многу брзо има образовни и социо-економски импликации врз општеството. Па оттаму доаѓа потребата да се подготват Извештаите за следење на усвоените мерки за справување со кризата предизвикана од појавата на вирусот Ковид-19 и нивното влијание врз секторите здравство, образование и социо-*економски политики на национално и локално ниво* кои нема да се фокусираат само на еден сектор туку ќе придонесат кон креирање на сеопфатни системски решенија.

Дури и во време на вонредна состојба граѓаните треба да се во центарот на справувањето со кризата, додека соодветните решенија мора да се носат на ниво на заедница. Граѓанските организации се најблиску до заедницата, посебно имајќи ги предвид маргинализираните групи. Со цел да се создаде најсоодветен одговор на состојбата предизвикан од пандемијата, граѓанските организации се поттикнати да ги вмрежуваат своите капацитети и да се само-организираат во рамките на структурниот дијалог на локално и национално ниво. Токму затоа Проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите, кој е поддржан од Европската Унија, објави повик за изработка на 6 извештаи за следење на усвоените мерки за справување со кризата предизвикана од појавата на вирусот Ковид-19 и нивното влијание врз секторите здравство, образование и социо-економски политики на национално и локално ниво. Целта на истражувањата е да ги идентификува влијанијата и да ја процени соодветноста на мерките донесени од Владата на РСМ за време на вонредната состојба; да ги поддржи истражувачите и граѓанските организации кои работат на локално и национално ниво; да ги зголеми информациите базирани на докази и да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации да учествуваат во секторските политики во услови на криза и за крај да го зајакне и промовира структурниот дијалог помеѓу институциите и граѓанскиот сектор.

Веруваме дека доверливи институции, информирани, консултирани и свесни граѓани и граѓански организации може да го редизајнираат пристапот, да ја проценат кризата и да го предвидат закрепнувањето. Гледајќи низ призмата на влијанието од спроведените политики, оваа публикација е придонес кон намалување на последиците од Ковид 19 кризата врз граѓаните.

Проектот "Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите" е спроведуван од Фондација Отворено општество – Македонија во партнерство со партнерство со Центарот за граѓански комуникации (ЦГК) Центар за европски стратегии – Евротинк и Реактор - истражување во акција а финансиски поддржан од Европската Унија.

Една од основните цели на проектот е зголемување на влијанието на граѓанските општество во процесот на пристапување на државата кон ЕУ, преку креирање на јавни политики базирани на докази и преку подготовка на документи за јавни политики за клучните секторски и реформски политики во процесот на пристапување кон ЕУ. Повеќе информации за проектот на www. dijalogkoneu.mk

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **1. Вовед** | **7** |
| 1.1. За проектот | **7** |
| 1.2. Образованието во Република Северна Македонија | **9** |
| 1.2.1. Специфични податоци за образованието во Република Северна Македонија од релевантни меѓународни организации | **13** |
| 1.3. Истражувања на релевантни домашни и меѓународни институции за влијанието на КОВИД–19 врз образовниот систем во Република Северна Македонија | **16** |
| **2. Преглед на мерките на МОН и БРО за справување со пандемијата во секторот образование** | **19** |
| 2.1. Мерки за организација на работата на основните и на средните училишта во услови на КОВИД–19 | **19** |
| **3. Методологија** | **27** |
| **4. Резултати од истражувањето** | **31** |
| **5. Заклучок** | **47** |
| **6. Ограничување на истражувањето** | **51** |
| **7. Препораки** | **53** |

# БЛАГОДАРНОСТ

Најпрво, сакам да им се заблагодарам на колегите од Фондацијата Отворено општество Македонија, Нада Наумовска и Горан Лазаров, за довербата што ми ја дадоа да го спроведам ова сеопфатно и автентично истражување во образовниот сектор, на национално ниво. Нивната доверба и почит беа мотивација и клучен фактор за да се спроведе оваа анализа. Исто така, сакам да им се заблагодарам на Ива Михајловска и Наташа Бошкова, со кои имавме прекрасна соработка во креирањето на специфичната методологијата за сите три сектори: образование, здравство, и социо-економски политики. Благодарност и до Борјан Ѓузелов, истражувачот на локално ниво, со кого споделивме многу интересни идеи и насоки преку кои двете истражувања, на локално и на национално ниво, ги постигнаа своите цели.

Би сакал да упатам благодарност и до сите чинители во образовниот систем кои одвоија време во овие тешки времиња поради пандемијата да се сретнат со мене лично, онлајн или телефонски, и да одговорат на прашањата кои бараа долги и сеопфатни одговори. Специјално благодарение и до Душан Томсиќ од Кабинетот во Министерството за образование, кој ги координираше средбите со вработените во МОН и во БРО. Исто така, голема почит и благодарност до сите градоначалници, раководители на секторите за образование во општините, директори, педагози, психолози, наставници/професори и ученици, кои не само што одвоија доста време за разговори преку долгите интервјуа, туку со својата мотивираност и инволвираност, повеќе од очекуваното. му дадоа автентична вредност на ова истражување. Морам да признаам дека од разговорите со наставниците/професорите и учениците научив многу и можам да кажам дека нивната вложеност во образовниот систем е беспрекорна.

За крај, голема благодарност до Средното општинско училиште „Гостивар“, кое ни овозможи да станеме дел од нив и да ја анализираме нивната работа на локално ниво. Од сето време поминато заедно (на терен, онлајн и телефонски) во училиштето научивме многу, а преку нивната партиципација во оваа студија се дава единствена вредност на анализата, која ќе послужи во другите студии како методолошка техника во специфицирањето на целната популација во локалните контексти, како што е овој пример.

# СКРАТЕНИЦИ

| | |
|---|---|
| **РСМ** | **Република Северна Македонија** |
| **МОН** | **Министерство за образование и наука** |
| **БРО** | **Биро за развој на образованието** |
| **УНИЦЕФ (UNICEF)** | **United Nations International Children's Emergency Fund** |
| **ОЕЦД (OECD)** | **Organization for Economic Co-operation and Development** |

# 1 ВОВЕД

## 1.1. За проектот

Ова истражување има за цел да ги идентификува мерките донесени од Владата на РСМ за време на вонредната состојба и да ја процени нивната соодветност во услови на КОВИД-19, како и да го определи нивното влијание врз образовниот сектор на национално ниво и да ги поддржи истражувачите и граѓанските организации кои работат на локално и на национално ниво. Исто така, истражувањето има за цел да обезбеди повеќе информации базирани на докази и да ги зајакне капацитетите на граѓанските организации да учествуваат во секторските политики во услови на криза предизвикана од вирусот КОВИД-19, како и да го зајакне и промовира структурниот дијалог меѓу институциите и граѓанскиот сектор.

Специфични цели на ова истражување за мерките и нивното влијание во услови на КОВИД-19 поврзани со секторот образование се:

- да се утврди дали има задоволителна јавна достапност на информации за усвоените мерки во време на КОВИД-19 и дали тие се донесени на транспарентен начин;
- да се направи проценка за тоа дали донесените мерки се релевантни за кризата со КОВИД-19 и дали при нивното донесување е направена проценка на влијанието;
- да се утврди степенот на искористеност на мерките усвоени на национално ниво за справување со КОВИД-19;
- да се направи проценка за степенот на вклученост на граѓанските организации и за улогата на секторските работни групи при креирањето на мерките за справување со КОВИД-19 во соодветните сектори.

Целите на овој тематски истражувачки проект се автентични и се додадена вредност на сите досега направени анализи и истражувања во секторот образование од страна на релевантни локални и меѓународни организации. Оваа анализа дава цврсти сознанија за предизвиците на образовниот систем во државата, но и јасна слика за моделот што го креираше МОН за да се справи со кризата во секторот. На национално ниво, истражувањето врши увид во моделот на функционирање на МОН за време на креирањето на мерките, чијашто цел би требало да биде продолжување на наставата во дигитален формат од далечина, без притоа да се изгуби од квалитетот на наставата која учениците ја добивале кога се реализирала со физичко присуство во училиштата. Очигледен е фактот дека со пренесување на наставата во онлајн формат, шансите за ширење на вирусот внатре во самите училишта се намалуваат, така што би било логично да се очекува дека целокупниот професионален капацитет на Министерството би се концентрирал на давање поддршка на училиштата, со цел да понудат што поквалитетно дигитално образование од далечина. Понатаму, истражувањето има за цел да увиди каква методологија на работа била користена од страна на МОН за време на креирањето на стратегијата преточена во мерки и дали биле креирани ад хок работни групи каде што биле вклучени и граѓански организации, неформални групи, независни експерти, директори, наставници, ученици и родители.

Исто така, на национално ниво, истражувањето имаше цел да ја анализира соработката на МОН со градоначалниците, кои - според законот - се надлежни да го следат текот на образовниот процес во нивните општини, преку нивните именувани одговорни лица, како во секторот за образование внатре во општината, така и преку директорите на училиштата кои тие ги поставуваат. Во таа насока, ова истражување ја анализираше и комуникацијата помеѓу учесниците во образовниот сектор во општините, почнувајќи од градоначалниците, па сè до директорите (а со тоа и до училиштата), преку раководителите на секторите за образование во самите општини.

Инспирирани од сер Кен Робинсон, автор на бестселерот „Креативни училишта" („Creative Schools"), истражувањето го фокусиравме на директна анализа на едно општинско средно училиште. Целта беше да се процени влијанието на мерките врз самото училиште, но истовремено да се направи и една автентична анализа на културата на работа во училиштето, да се добие впечаток за вредносниот систем што го креира училиштето со тек на време и како сето тоа влијае врз учениците и нивното учење. Според сер Кен Робинсон, за да се подигне квалитетот на образовните искуства на учениците и да се подобрат нивните шанси да успеат во животот, треба да се вложи многу труд и да се креира добра училишна култура внатре во

секое училиште. Во едно училиште со богата култура на работа и добар соживот меѓу вработените, која нуди спој на менторство, уметност, физичко образование, академски вештини и многу повеќе, учениците можат да просперираат. Со други зборови, сер Кен Робинсон смета дека кога училиштата ќе стасаат дотаму да креираат една цврста внатреучилишна култура на работа, тогаш истите стануваат богатство за самата заедница или за целокупниот екосистем. Овој посебен аспект ѝ додава истражувачка вредност на анализата и таа, како таква, го проценува влијанието на училиштето врз самата локална заедница, имајќи ја предвид и улогата на наставниците и нивната положба во заедницата.[1]

## 1.2. Образованието во Република Северна Македонија

Пандемијата која ја донесе коронавирусот, го промени дискурсот на живеење и работење. За првпат во поновата историја се случи затворање на целокупната економија. Иако милениумците (the millennial generation), како и постарите генерации во нашата држава, го памтат делумниот полициски час од 2001 година, кој не беше наметнат на целата територија на државата, за генерацијата Z (Generation Z), која е во нејзините 20–ти години, ова е нова ситуација. Сепак, поради фактот што тие се дигитални домородци (DIGITAL NATIVES) и животот го организираат претежно преку нивните дигитални направи, купуваат преку интернет, се забавуваат онлајн, гледаат онлајн телевизија преку Нетфликс (Netflix) и Јутјуб (YouTube), тие и не беа толку неподготвени да продолжат со дигиталниот модел на живеење. Во Република Северна Македонија, оваа генерација не е поразлична од онаа во европските земји, од аспект на нивото на прифаќање на дигиталниот свет во моделот на живеење, но сепак, поради високото ниво на сиромаштија, пристапот до дигиталната технологија е лимитиран за голем број граѓани, а дел од нив се и младите од дигиталната генерација. За жал, во 2015 година, 21 % од граѓаните на Република Северна Македонија живееле под нивото на сиромаштија на национално ниво. За споредба, во 2000 година, оваа група која живеела под нивото на сиромаштија, изнесувала 22 %. Сепак, во 2018 година, процентот останал речиси непроменет и изнесувал 21,9 %.[2]

И покрај социјално-економската нееднаквост во РСМ, генерацијата Z останува дигитална генерација. Ова значи дека секое дете кое би имало пристап до дигитални направи ќе може да се снајде на најдобар можен начин. Ниту едно од претходните истражувања на образованието за

1 Robinson, K. &Aronica, L. (2015). Creative schools: The grassroots revolution that's transforming education. Penguin Books. New York.

2 The World Bank. Poverty & Equity Brief. North Macedonia, април 2020 година. Достапен на databank.worldbank.org

време на пандемија не увидело дека учениците немаат вештини за употреба на дигитални уреди. Напротив, оваа пандемија само ни покажа дека нееднаквоста меѓу граѓаните, поради несоодветни социјални политики во нашата држава, резултира со проблеми во образованието и за време на пандемија. Проблемите во функционирање на образовниот систем за време на пандемија се продлабочија уште повеќе затоа што училиштата и наставниците немаа доволно материјални ресурси за реализација на настава од таков вид. Во Република Северна Македонија, 40 % од населението живее во рурални средини, а од друга страна 25 % од населението живее во главниот град.[3] Ова е доволен аргумент зошто многу училишта не беа вклучени во интернет мрежата и зошто немаа компјутери и други дигитални уреди во нивните училишта. Ова е, исто така, аргумент за нееднаквоста меѓу учениците кои живеат во главниот град и оние кои живеат во рурални средини. Главниот град нуди технички можности (како интернет конекција) и, генерално, учениците од главниот град имаат пристап до дигитални уреди, токму поради повисокото ниво на вработеност на граѓаните. Во руралните средини, освен тоа што се соочуваат со проблеми од технички карактер, како што се пристап до интернет конекција или стабилна електрична мрежа, тие луѓе најчесто живеат во или под нивото на сиромаштија.

Според ОЕЦД, помалите етнички заедници во земјата живеат во рурални средини, како на пример етничките Албанци кои живеат во северозападниот дел од државата, а поради сиромаштијата која е поистакната во руралните средини, нееднаквоста и јазот се повидливи. Стапката на сиромаштија кај ромската заедница, на пример, е трипати повисока од националниот просек.[4]

За да биде појасно, нееднаквоста во едно општество не е резултат само на социјалните политики. Напротив, ова е синџир на политики од неколку сектори, како што се самиот образовен сектор, поради несоодветно креирање на развојна стратегија во образованието преку автономија на училиштата, но пред сè преку стратегија за реформирање на високото образование од каде што излегуваат речиси сите наставници и професори. Всушност, буџетските планирања за инвестиции во образованието, односно за професионална надградба на наставниците и професорите, како и за професионален развој на директорите на училиштата не се доволни. Тоа, заедно со стратегијата за комплетна автономија на училиштата, би можело да резултира со подобри резултати на учениците и во училиштето, а и во реалниот свет. Во таа смисла, може да се илустрира со следниве податоци:

3 The World Bank. Primary Education Improvement Project (P171973). Project Information Document (PID). 28 September, 2020. Достапен на documents1.worldbank.org . (посетена на 6.3.2021).

4 OECD. CHAPTER 1. THE EDUCATION SYSTEM IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. 2019 година. Достапен на oecd-ilibrary.org. (посетена на 25.3.2021).

во 2016 година, РС Македонија, издвоила само 3,7 % од БДП, а помеѓу 2011 и 2016 година овој износ бил 4,6 %.[5] Ако направиме споредба со вложувањата во другите земји, ќе видиме дека во 2017 година, Германија издвоила 4,9 %[6] од БДП, а просекот во земјите од ОЕЦД е 4,2 %.

Иако буџетите на РС Македонија и Германија не се споредливи (по големина), сепак е важно да се согледа дека, и покрај сите перипетии низ кои поминува образовниот систем на една мала земја, како што е РС Македонија, ние тврдоглаво не инвестираме во истиот и го оставаме да истрпи уште повеќе предизвици. Дигитализацијата на самите училишта можеше да се случи многу порано, уште од 2010 година, кога ГУГЛ бесплатно им ги понуди нивните онлајн алатки на државните училишта (или, генерално, на непрофитните образовни институции). Со имплементирање на оваа иновативна бесплатна платформа, училиштата ќе можеа постепено да организираат комбинирана настава, т.е. настава каде што 30 % од наставата и наставните материјали ќе се презентираат преку платформата на асинхрон начин. Ова досега ќе резултираше со развивање вештини кај наставниците да користат дигитални алатки за асинхрон начин на далечинско образование, а исто така ќе придонесеше да се креираат голем број автентични материјали за секој предмет во дигитална форма, кои ќе бидат прикачени на платформата. Сепак, иако живееме во време на четвртата индустриска револуција и во време на „интернет на нештата" (Internet of Things), децата и младите во РСМ се соочуваат со недостиг на дигитални уреди и со слаб интернет во училиштата. Иронија е дека во нашите државни училишта имаме ученици кои на своите паметни телефони имаат апликации преку кои го контролираат клима-уредот во нивниот дом, а на училиште немаат пристап до квалитетно дигитално образование, кое е пред сè бесплатно, и сè што им е потребно е наставникот да има вештини да ги употребува бесплатните онлајн алатки.

Сепак, дигитализацијата на училиштата и дигиталните вештини на наставниците и на учениците бараат специфични знаења и умешност за функционирање во дигиталниот свет. Имено, дигиталното предавање бара од наставниците да бидат истражувачи, за да можат да креираат дигитални часови на кои учениците активно ќе партиципираат за време на часовите, а и надвор од нив. Ова значи дека наставниците и професорите би требало солидно да го познаваат англискиот јазик, но и да поседуваат интелектуални компетенции кои ќе им овозможат кредибилно селектирање на материјалите и аргументација на истите пред учениците. За да се понуди еден час во дигитална форма, тој треба да се планира како таков и да се планира работа и во синхронизирана форма и во асинхронизирана

5 OECD. CHAPTER 1. THE EDUCATION SYSTEM IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. 2019 година. Достапен на oecd-ilibrary.org. (посетена на 25.3.2021).

6 The World Bank. Government expenditure on education, total (% of GDP) – Germany. Достапен на data.worldbank.org. (посетена на 12.4.2021).

форма, затоа што за 30 минути, односно за 35 минути синхронизиран час, многу малку може да се продискутира за теоријата и нејзината примена во специфичен контекст со 20 до 30 ученици во еден клас. Од особена важност се и вештините на наставниците за планирање на предметот за комбинирана или дигитална форма, која во педагогијата е клучна и се нарекува креирање курикулуми и силабуси (curriculum and syllabus development). Во тој случај, повторно се враќаме кај претходниот аргумент, односно на потребата од целосна реформа во високото образование, на факултетите каде што се образуваат нашите наставници. Потребата за реформирање на педагошките факултети, а воедно и на целокупниот високообразовен систем, е од суштинска важност.

Од друга страна, за да може да се реализира дигитално учење, комбиниран модел или учење од далечина, покрај автентичните дигитални знаења што ги поседуваат, учениците треба да поседуваат и вештини за учење (study skills). За учениците е клучно и доброто познавање на англискиот јазик, затоа што дигиталното учење бара многу читање материјали кои се симнуваат од интернет, а се на англиски јазик. Исто така, неопходни се вештини за истражување и селектирање кредибилни материјали, способност за работа во групи, извршување задачи базирани на проблеми кои бараат критички осврт, вештини за ефективно презентирање на самостојните и на групните проекти. Понатаму, се бара учениците да имаат вештини за автентично академско пишување за да се избегне плагијат, како и вештини за вреднување на работата на соучениците во првите фази на развојот на проектите.

Во еден идеален систем, за да се понуди квалитетно дигитално образование од далечина, мора да се имплементираат горенаведените елементи кои се составен дел на секој функционален образовен систем. Затоа е неопходна реформа на целокупниот образовен систем во земјата, но не по секоја цена. Најпрво, граѓаните мора да се вклучат преку граѓанските организации или како независни експерти, за да се гарантира инклузивност, но и сеопфатност на различни експерти од државата и надвор од неа. Од друга страна, преку вклучување на граѓанските организации од секторот образование, на граѓаните ќе им се овозможи увид во важни реформски процеси. На пример, МОН побарало задолжување од 25 милиони американски долари од Светската банка за новата концепција за основно образование, кое во моментот на пишување на овој извештај е во процес на креирање, а планирано е да се имплементира од септември 2021 година.

За една нова концепција да биде ефективна, од специфична важност е да се гарантира дека училиштата ќе можат самостојно, под водство на директорите, да менаџираат со овие нови програми, да ги имплементираат истите и да обезбедат подобрување на квалитетот на секоја нова академска година. Во овој аспект, постои скептичност во однос на тоа дали директорите

покажуваат менаџерски способности и специфични знаења да бидат лидери на образовните институции, односно да им даваат професионална поддршка на наставниците за да ги подобрат нивните вештини за работа во училиштата на 21 век.

И образовните системи во развиените земји, исто така, беа ставени во искушение. Јасно е дека истите не се соочија со проблеми од иста природа како ние во РСМ, но генерално застој имаше насекаде. Генералниот секретар на Обединетите нации (ОН), Антонио Гутереш, изјави дека *„светот се соочи со генерациска катастрофа која би уништила голем човечки потенцијал, би уништила декади на прогрес и би го зголемила јазот на нееднаквостите."* Сепак, тој проценува дека ова нарушување во образовниот систем е истовремено и можност за сите земји да го редизајнираат моделот на образование што го имплементирале досега во еден нов модел базиран на сегашноста, а инспириран од иднината, кој според него, би ни помогнал да ги достигнеме 17–те развојни цели[7] на одржлив развој на Обединетите нации. РС Македонија има сериозен удел и заложба како земја членка на Обединетите нации, членка на НАТО-алијансата и земја која цели кон Европската Унија. Преостанува многу малку време до 2030 година, а дотогаш Република Северна Македонија мора да направи сериозен исчекор кон промени во клучните сектори, како што е образованието на сите нивоа, за да даде свој придонес во постигнувањето на 17–те развојни цели на ОН на светско ниво.

### 1.2.1. Специфични податоци за образованието во Република Северна Македонија од релевантни меѓународни организации

Пандемијата предизвика целосен колапс во образовниот систем во Република Северна Македонија. И онака кревкиот образовен систем во времето пред пандемијата, за кого Светска банка во нивниот Хјуман капитал индекс (Human Capital Index) од октомври 2020 година, укажа на тоа дека има „лоши образовни исходи" (страна 5),[8] претрпе тектонски осцилации. Според индексот, едно дете во РС Македонија би требало да заврши 11 години предучилишно, основно и средно образование додека да наполни 18 години, но извештајот наведува дека кога годините на образование ќе се приспособат и споредат со квалитетот на образованието, се добива резултат дека децата завршиле само 7,3 години образование, што ги остава

7 United Nations 17 Sustainable Development Goals. Достапен на sdgs.un.org/goals. (посетена на 25.4.2021)

8 Human Capital Project, North Macedonia. Human Capital Index 2020 во The World Bank. Primary Education Improvement Project (P171973). Project Information Document (PID). 28 September, 2020. Достапен на documents1.worldbank.org . (посетена на 6. 3.2021).

истите со образовен јаз од 3,7 години.[9] Отсликувањето што го нуди ова истражување, дава повеќе од јасен приказ за тоа во каква состојба беше образовниот систем во државата во време кога се појави пандемијата. За да се направи проценка на ефектите од еден предизвик, многу е важно да се воспостави контекст за статусот на системот, пред предизвикот, а во овој случај пред појавата на пандемијата.

Извештајот од Светска банка,[10] исто така, се реферира на ЕГРА (EGRA) и на ЕГМА (EGMA) извештајот на УСАИД (USAID) од 2017 година,[11] кој укажува на тоа дека нивото на усна писменост, како читање и разбирање, кај децата од второ и трето одделение е значително пониска во споредба со меѓународните репери. Нивните тестови, исто така, покажале дека во самиот систем има и нееднаквости, со тоа што децата кои следат настава на македонски јазик покажуваат подобри резултати од децата кои следат настава на албански и на турски јазик. Извештајот на УСАИД покажува дека ваквите резултати се должат на недостигот на ресурси дома и на училиште, на недоволното време за учење, на тоа што наставниците и директорите немаат поттик да понудат подобри услови за учење, на ригидните и преамбициозни програми кои се несоодветни за нивото на знаења на ученикот, на тоа што наставниците не нудат индивидуализирана настава, како и на фактот дека учениците кои не покажуваат доволно прогрес и резултати не добиваат соодветна поддршка.[12]

Еден многу важен елемент за нееднаквоста и неправичноста во образовниот систем во Република Северна Македонија е прикажан преку резултатите по математика кои учениците ги добиле преку ЕГМА тестирањето спроведено од УСАИД во 2017 година. Имено, извештајот наведува дека подобри резултати покажале учениците чиишто родители се со повисоко образование, како и учениците кои учат во главниот град, во урбани училишта и оние кои учат во паралелки само со деца од исто одделение. Исто така, подобри резултати по математика покажале децата кои следеле предучилишно образование и оние кои дома имаат книги.[13]

Слично, слабите резултати на ПИСА-тестирањето во 2018 година покажуваат дека недостатоците во учењето кај учениците почнуваат

9 Human Capital Project, North Macedonia. Human Capital Index 2020. October, 2020. Достапен на databank.worldbank.org . (посетена на 6.3.2021)

10 The World Bank. Primary Education Improvement Project (P171973). Project Information Document (PID). 28 September, 2020. Достапен на documents1.worldbank.org . (посетена на 6.3.2021).

11 USAID, 2017. Nationwide Study of Early Grade Reading and Mathematics Assessment in the Republic of North Macedonia. Во: The World Bank. Primary Education Improvement Project (P171973). Project Information Document (PID). 28 September, 2020. Достапен на documents1.worldbank.org . (посетена на 6.3.2021).

12 The World Bank. Primary Education Improvement Project (P171973). Project Information Document (PID). 28 September, 2020. Достапен на documents1.worldbank.org . (посетена на 6.3.2021).

13 Исто

од раните години, а потоа се провлекуваат и во почетокот на средното образование. Овие генерално ниски резултати кои ги постигнуваат учениците во Република Северна Македонија на ПИСА-тестирањата „ги оставаат истите во изразена неповолна положба во споредба со нивните врсници." (страна 6). И во овие резултати, нееднаквоста меѓу учениците не изостанува, со тоа што учениците кои доаѓаат од семејства со повисоки примања постигнуваат подобри резултати од оние кои доаѓаат од семејства со пониски примања, покажува извештајот на Светска банка.[14]

За крај, извештајот укажува и на влијанието на КОВИД–19, генерално, врз учењето и вели дека и покрај залагањето на МОН да го менаџира секторот преку мерки за затворање на училиштата, се очекува голема загуба во учењето, со тоа што ќе бидат потребни ублажувања и ревитализација на системот по кризата. Исто така, се вели дека менаџирањето со учењето за време на кризата им се препушти на самите училишта и на наставниците, а со тоа се овозможи да се продлабочи јазот во учењето и истиот да резултира со огромни загуби во учењето. Имено, според извештајот, ова се овозможило и покрај сознанијата за претходните предизвици во образованието со постигнатите резултати на учењето и нееднаквостите.[15]

Пандемијата со коронавирусот само што ги извади на виделина многуте недостатоци на системот за прифаќање и имплементирање на дигитализацијата во процесот на учење и предавање. Покрај нееднаквостите и неповолната ситуација на маргинализираните групи и учениците од семејства со ниски примања, извештајот на Светска банка укажува на тоа дека загрозените и учениците од ранливите групи во општеството можат да изгубат уште повеќе од учењето, како резултат на овој голем шок за секторот поради пандемијата. Бројот на ученици под минималниот праг за компетенции на ПИСА, би можел да се зголеми од 55 % на 64 %.[16]

На иста линија е и истражувањето на ОЕЦД од 2019 година. Нивниот извештај укажува на тоа дека Националната стратегија за образованието на РС Македонија 2018–2025 се фокусира на суштински дејствија, но нема доволно механизми за достигнување на целите и мониторинг на истите. Исто така, извештајот проценува дека немањето професионални капацитети и некоординираниот систем на податоци ја ослабуваат способноста на Министерството за поставување и следење на целите на политиките. Образовниот систем на Република Северна Македонија има лимитиран капацитет, поради тоа што стручните лица кои работат за тела поврзани со ресорното министерство даваат техничка експертиза, но немаат доволно ресурси и лидерска поддршка.[17]

14 Исто

15 Исто

16 Исто

17 OECD. CHAPTER 1. THE EDUCATION SYSTEM IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. 2019 година. Достапен на oecd-ilibrary.org. (посетена на 25.3.2021).

Децентрализацијата во Република Северна Македонија, освен други предности, им овозможува на општините да менаџираат со основните и со средните училишта, но истовремено и да бидат основачи на нови. Законските реформи им го овозможиле ова на општините, но според извештајот на ОЕЦД, реформата не предвидела развој на капацитетите за менаџирање со образованието. Многу општини имаат само еден човек кој е назначен да го води секторот за образование и во тој однос немаат ниту доволно човечки, ниту материјални ресурси. На иста линија е и менаџирањето со училиштата. Преку можноста за креирање на управните одбори, кои ќе ги именуваат директорите и ќе ја сугерираат развојната годишна програма, на училиштата им се дава *де јуре* автономија. Но, како што наведува извештајот, градоначалниците секогаш имаат политичка преференција, со тоа што ја лимитираат можноста за целосна вклученост на управниот одбор во овој процес. Исто така, се наведува дека поради немањето соодветни тренинзи, управниот одбор нема капацитет да ја извршуваат задачата.[18]

Како резултат на целава синтеза, би требало да следува осврт на потребните реформи, на национално ниво, со тоа што фокусот би бил на реформата на училиштата, како и на едукацијата на наставниците, наставните програми, и целокупните училишни култури и целокупната работна клима која тие ја креираат. Генералната цел на реформата во училиштата би требало да се фокусира на зголемување на нивното влијание кај ученичките искуства, преку култивирање на холистичкиот развој на учениците, а исто така и преку зголемување на влијанието на училиштата во самите локални и регионални заедници. Извештајот на Светска банка укажува дека реформата во образовниот систем во РС Македонија треба да се фокусира на зајакнување на училишните капацитети, со цел истите да станат субјекти на институционалните промени, на подобрување на националниот систем за оценување, ставање во употреба на неодамна развиените професионални компетенции и зајакнување на фискалната ефикасност во секторот.[19]

## 1.3. Истражувања на релевантни домашни и меѓународни институции за Влијанието на КОВИД–19 во образовниот систем во Република Северна Македонија

За да се истражат недостатоците и конкретните предизвици со кои се соочија особено основните училишта, Фондацијата *Метаморфозис* спроведе истражување за да ги „утврди состојбите и предизвиците на

18 Исто

19 The World Bank. Primary Education Improvement Project (P171973). Project Information Document (PID). 28 September, 2020. Достапен на documents1.worldbank.org . (посетена на 6. 3.2021).

онлајн наставата во основните училишта во РС Македонија во периодот март – јуни 2020 година.“[20] (стр. 2) Резултатите покажаа дека образовниот систем во РС Македонија се соочи со низа предизвици, кои не беа само технички, туку и педагошки. Од технички аспект, се наведува дека најголем број од испитаниците (44,5 %) се соочиле со недостиг на техничко-технолошки помагала, како што се компјутерите, а дури 84,9 % користеле приватни е-адреси за работни задачи. Недостиг на интернет во училиштата пријавиле 31,6 % од испитаниците, кои изјавиле дека истите користат интернет преку своите мобилни телефони. Од друга страна, од педагошки аспект, недостиг на јасни насоки за водење електронско портфолио и немање јасни насоки за оценување преку онлајн предавање пријавиле 82,4 %, односно 85 % од испитаниците.[21]

Од резултатите на ова истражување станува јасно дека за да се организира успешна онлајн настава во нашата земја, потребна е континуирана техничка поддршка, за која што се согласуваат дури 97,1 % од испитаниците. Исто така, 88,9 % од испитаниците тврдат дека за успешна онлајн настава треба да се променат вообичаените методи во наставниот процес и да се воведат нови, за кои треба се понуди систематска обука. Најважниот дел од ова истражување, кој оди во прилог на оригиналното истражување, покажува дека дури 30 % од учесниците, наспроти другите 48,6 %, сметаат дека подобра варијанта за една централизирана платформа за онлајн учење за сите е училиштата да можат слободно и автономно да одлучат која е најдобрата платформа за нивното училиште. Како последна точка во ова истражување се наведува недостигот на образовни ресурси и материјали за учење, особено кога наставата се реализира на друг јазик, различен од македонскиот.[22]

Во периодот помеѓу јули и август 2020 година, УНИЦЕФ (UNICEF), со поддршка на УКаид (UKaid), МОН и БРО, преку тинк-тенк организацијата *Реактор* во Скопје, спроведе истражување со директорите, наставниците, родителите и учениците, со цел да се регистрираат нивните искуства и ставови во врска со учењето од далечина. Преку еден комбиниран пристап, квантитативен и квалитативен, се добиени робусни повратни информации од основните и од средните училишта во државата. Ова истражување е едно од поважните од овој вид, токму поради специфичниот период на истражувањето - второто полугодие од учебната година, токму кога започна пандемијата и кога образованието се соочи со дотогаш невидениот предизвик. Двата истражувачки проекти не се поклопуваат поради

20 Фондација Метаморфозис. Состојбите и предизвиците за спроведување онлајн наставата во основните училишта. Извештај од истражување, септември 2020 година. Достапен на metamorphosis.org.mk. (посетена на 20.3.2021).

21 Исто

22 Исто

различните цели, но и поради методологијата што се користи. Сепак, ова истражување дава многу добра додадена вредност на целокупниот аргумент, а тоа е дека недоволно развиениот образовен систем со ниски образовни перформанси, чиишто ученици го завршуваат образованието со најниски резултати од учењето во Европа и меѓу земјите од Западен Балкан, е кревок и во него има големи јазови и недостатоци.[23]

*Реактор* известува дека во текот на целиот период од кризата, која опфати дел второто полугодие од учебната 2019/2020 година, „немало системски пристап и јасни насоки“ од МОН или органите на МОН. Имено, наставниците не добиле никаква поддршка ниту насоки од МОН за организирање на наставата на далечина. Истите сметаат дека биле препуштени сами на себе, односно на својата снаодливост, без конкретна основа за поддршка од институциите. Од друга страна, родителите ја оценуваат работата на наставниците со добра оценка. Од вкупната средна вредност, 32 % од родителите мислат дека наставниците добро работеле со нивните деца. Загрижувачко, но во согласност со трендовите, е дека работата на директорите и на стручните служби во училиштето (педагози, психолози и специјални едукатори) е оценета со најниска оценка (1 од 5), од страна на 59 % од родителите. Негативниот тренд од добиените повратни информации на родителите не изостанува и кога станува збор за оценување на целокупната организација на наставата на далечина на ниво на училиштето, што беше оценета со 2,9. Дополнително, во оваа секција, севкупната организација на наставата на далечина на ниво државата се здоби со уште помала оценка - 2,7.

Истражувањето на *Реактор* само го потврди она што во 2019 го објави ОЕЦД (OECD) дека помалите етнички заедници имаат многу помалку шанси за прогрес во образовниот систем, што резултира со поголема сиромаштија кај тие групи.[24] Имено, *Реактор* во своето истражување наведува дека учениците од ромските семејства немале никакви дигитални уреди за да се вклучат во комуникација со наставниците и со соучениците. Цитирајќи една самохрана мајка од ромската заедница, *Реактор* наведува дека нејзината ќерка не била прифатена во група со соучениците бидејќи немала телефон.

23 Реактор – истражување во акција. ИСКУСТВА И СТАВОВИ ВО ВРСКА СО УЧЕЊЕТО НА ДАЛЕЧИНА. Комбинирани наоди од истражувањето со директори, наставници, родители и ученици. Период: јули – август 2020. Извештај добиен директно од УНИЦЕФ Скопје.

24 Исто

Во крајна линија, учењето од дома, според истражувањето на *Реактор*, се покажало како неефективно, со тоа што 38 % од испитаниците изјавиле дека истото било делумно ефективно, а 19 % се изјасниле дека учењето било делумно не ефективно. Кога на ова ќе се додадат 24 % од севкупната бројка испитаници (N=122) кои изјавиле дека учењето било неефективно, тогаш станува јасно дека образовниот систем за време на пандемијата, односно за време на последниот дел од второто полугодие, се соочил со сериозни потешкотии од егзистенцијален карактер.[25]

# 2 ПРЕГЛЕД НА МЕРКИТЕ НА МОН И НА БРО ЗА СПРАВУВАЊЕ СО ПАНДЕМИЈАТА ВО СЕКТОРОТ ОБРАЗОВАНИЕ

## 2.1. Мерки за организација на работата на основните и на средните училишта во услови на КОВИД–19

Ова истражување ги анализира сите документи што се изготвиле во форма на мерки за спречување на ширењето на пандемијата КОВИД–19 од 11 март, па сѐ до 1 декември 2020 година. Владата на РС Македонија, Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието изготвиле неколку документи во вид на протоколи, планови, уредби и алгоритми, со цел да се регулира реализацијата на образовниот процес. За целите на ова истражување, мерките во вид на документи беа добиени преку иницијалното интервју со секторите за основно и средно образование во МОН, а сѐ со цел да се добие појасна слика за генералните цели на овие документи. За да се избегне техничкиот пристап при анализирањето на овие документи, истите се анализирани од суштински аспект, за да се добијат информации и одговори на нашите прашања.

Една од целите на ова истражување, што произлезе од скенирањето на комплексноста на самиот сектор, но и на самата ситуација со КОВИД–19 во секторот, е да се анализира меѓуинституционалната соработка и комуникација и да ги истражи каналите преку кои патувале овие мерки (документи) за да стигнат до последната алка во секторот, а тоа се самите училишта. Тука мора да се напомене дека секторот образование е посложен од сите други поради тоа што, според законот, општините се јавуваат како основачи на самите училишта, така што Министерството

25 Исто

за образование и Бирото за развој на образованието на РС Македонија требале да ги испратат мерките до училиштата преку општините, односно преку секторите за образование во самите општини. Оваа изградена системска структура го прави образовниот систем во нашата држава многу комплексен и специфичен. Затоа, покрај анализата на самите мерки, ова истражување има за цел да ја истражи и меѓуинституционалната соработка и да увиди на кој начин се испраќале мерките до училиштата и дали тоа се случило по инклузивен тек.

Се è со цел да се одговори на прашањата од оваа автентична студија, ќе се анализираат документи во вид на уредби и протоколи кои даваат суштинска поддршка на генералната тема креирана преку самиот процес на составување на методологијата за истражување и за време на самото истражување, преку добивање повратни информации од сите чинители во секторот образование за време на интервјуата.

Во планот за одржување на наставата во основните и во средните училишта, објавен во „Службен весник на РСМ“ број 254, прилог број 51, од 22 октомври 2020 година, се вели:

*„Планот на Министерството за образование и наука (МОН) за започнување на учебната 2020/2021 година се базира на потребата да се добијат максимални придобивки за учениците, наставниците и вработените во училиштата и пошироката заедница, а воедно да не дојде до ширење на КОВИД-19 во нашата држава, имајќи предвид дека покрај образованието едно од основните човекови права е и правото на здравје. Овој план ги објаснува чекорите што треба да ги преземат основните и средните училишта за да ги обезбедат потребните мерки за заштита и со тоа да го намалат ризикот од ширење на коронавирусот (КОВИД-19).“*[26]

Преку текстуална анализа на самите мерки, се изнесува една генерална цел на сите овие документи. Имено, целта е да се извлече генералната тема од сите овие документи генерирани како резултат на пандемијата КОВИД-19. Базирајќи се на горенаведениот извадок, може да се утврди дека генералната цел и севкупна тема на повеќето документи кои се анализираа за целта на ова истражување, е заштита и намалување на ризикот од ширење на коронавирусот. Сепак, има и неколку документи кои се експлицитно креирани од страна на БРО, а кои имаат за цел да послужат како насоки за училиштата, од аспект на методологијата за креирање и реализирање на настава од далечина. Од експертска гледна точка, правото на квалитетно

26 „Службен весник на РСМ“ бр. 254/2020. Уредба за дополнување на Уредбата за начинот на организирање и реализирање на наставата во услови на вонредни околности во основните и во средните училишта од 22.10.2020 година.

образование е исто толку важно колку и правото на здравје, па од таа причина прегледот и анализата на мерките се прави преку истражување дали при креирањето на истите е запазена еднаквата важност на овие два елемента. Исто така, покрај самите мерки, ова истражување го следи и самото имплементирање на истите во случајно избрани училишта од три региони во РСМ и го мери нивното влијание од здравствен, но и од аспект на квалитетот на образованието за време на пандемија. Која генерална тема надвладува во мерките и која била генералната мотивација преку која се воделе работните групи во МОН и во БРО, ќе се прикаже со анализа на сите документи и одлуки што произлегуваат од релевантните институции во областа образование, од 11 март 2020 година, па сѐ до 1 декември 2020 година.

Владата на РС Македонија, на 12 март 2020 година, донесе одлука за мерки со цел да се спречи внесувањето и ширењето на КОВИД–19 преку кои се забрани воспитно-образовниот процес во основните и во средните училишта, како и во сите детски градинки, центри за ран детски развој и дневни центри. Исто така, се забрани и одржувањето на наставата во високообразовните установи и јавните научни установи, се затворија и ученичките и студентските домови, библиотеките, театрите, киносалите, музеите и детските игротеки. Понатаму, со истата одлука се забрани и посетата на сите вонучилишни активности и други приватни активности кои децата ги извршуваа надвор од наставата, како посета курсеви, дополнителни часови и спортски тренинзи.[27]

На 23 март 2020 година, Владата на РС Македонија донесе уредба со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба, во која во член 2 се нагласува дека наставата во основните училишта се организира преку далечинско учење, односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација. Слично, на истата седница се донесе уредба со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба, а во член 2 на уредбата се вели дека наставата во средните училишта се организира преку далечинско учење, односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација. Дополнително, во оваа седница се донесе уредба со законска сила за примена и на Законот за високото образование, со која се уредува начинот на организирање на студиските програми за стекнување високо образование. Имено, во член 2 се наведува дека сите три циклуси на високообразовните установи, односно јавните научни установи, како и проверката на знаењето, ќе се изведуваат преку системот за далечинско учење, со примена на средства за електронска комуникација.[28]

27 „Службен весник на РСМ" бр. 62/2020. Влада на Република Северна Македонија. Одлука за мерките за спречување на внесување и ширење на коронавирусот КОВИД–19 од 12.3.2020 година.

28 „Службен весник на РСМ" бр. 76/2020. Влада на Република Северна Македонија. 1220 уредба со законска сила за примена на Законот за основното образование за време на вонредна состојба; 1221 уредба со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба; 1222 уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба од 24.3.2020 година.

Високото образование во нашата држава е регулирано со посебен Закон за високото образование, каде што во член 3/(2) (Основни начела на високото образование) се наведува дека дејноста на високото образование се заснова на, меѓу другото, автономија и академска слобода.[29] Имајќи го предвид сево ова, освен горенаведената уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование, Владата на РСМ и МОН не ги задолжи високообразовните институции со додатни уредби, упатства или протоколи. Како резултат на ова, но и поради автономијата предвидена со закон, високото образование не е дел од оваа студија.

Со овие две одлуки, севкупниот образовниот систем во Република Северна Македонија се стави во искушение и на сите чинители во секторот образование им стана јасно дека самиот систем ќе се соочи со еден досега невиден предизвик. Кога се донесе последната уредба од 23 март, учебната година беше влезена во последното тримесечје, односно останаа уште неполни два месеца и дваесет дена до крајот на наставната година. Како резултат на предизвикот со кој се соочуваа самите наставници, но и родителите, а претпоставувајќи дека физичкото присуство во училиштата е блиску до невозможно, БРО донесе Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците, надевајќи се дека самиот документ ќе помогне во успешното завршување на учебната година. Овој документ е архивиран под број 12–4217/1 од 30.3.2020 година во Министерството за образование и наука на РС Македонија.[30] Ова упатство е еден од петте документи креирани од БРО кои се наменети да помогнат во методичко-дидактичкиот дел на образовниот систем. За да биде појасно што всушност содржи овој документ, кој треба да им помогне на наставниците во оценувањето на учениците, во натамошниот текст е издвоен дел од текстот во документот:

> *„Формативното оценување, како што е познато, бара поголема интеракција меѓу учениците, додека во услови на реализација на настава преку далечинско учење, односно учење од дома, интеракцијата се постигнува преку електронски мрежи и платформи... За да профункционира формативното оценување, наставниците треба да ги користат горенаведените пристапи, форми и методи на работа што ќе им овозможат учениците да истражуваат, да поставуваат цели, меѓусебно да соработуваат со соучениците, да комуницираат и да размислуваат во реални, животни ситуации...“*

29 „Службен весник на РСМ“ бр. 82/2018. Собрание на Република Македонија. Указ за прогласување на Законот за високото образование од 8.5.2018.

30 Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализацијата на наставата преку далечинско учење, односно учење од дома. Достапно на: bro.gov.mk (посетена на 3.3.2021).

*Постојат голем број техники и методи погодни за формативно оценување на напредокот на учениците, со користење електронски платформи и мрежи. Ова вклучува задачи како што се:*

- *Есејски прашања (употреба на е-пошта);*
- *Изработка на проекти (преку работа во група);*
- *Скајп или Вибер-дискусии (или дискусии преку други мрежи и платформи);*
- *Мултимедијални презентации;*
- *Изготвување постери (преку работа во група);*
- *Проекти/Истражувачки задачи (преку работа во група);*
- *Тестови на знаења (може да се проследат преку социјалните мрежи, е-пошта или преку платформа);*
- *Контролни вежби на учениците (може да се проследат преку електронска платформа, социјалните мрежи, е-пошта и др.), и*
- *Ученичко е-портфолио.(стр. 5)*[31]

Важно е да се напомене дека во овој период не се креирани други упатства или протоколи за одржување на наставата од далечина. Ова е единствениот документ кој како резултат на деск истражувањето е наведен како централен за периодот март-август 2020 година.

Следниот документ кој е креиран од страна на Секторот за следење и евалуација на постигањата на учениците и наставниците при БРО, е пуштен до директорите на училиштата на 21 август, 2020 година, во насока на професионален развој на воспитно-образовниот кадар. Наставниците требаше да се регистрираат за онлајн обука на тема „Реализација на наставата со користење на различни ИКТ-средства за учење." Овој документ ги повикува сите наставници да се приклучат на Системот за управување со учењето (СУУ/ LMS) на БРО, за да можат да го следат истиот, и дава насоки за тоа како да се направи приклучувањето. Во архивата на БРО, документот е архивиран под број 11—835/2.[32]

Следниот документ во низата упатства е „Упатството за методиката на наставата на далечина во основното и во средното образование", со кој се уредува подготовката за настава на далечина, планирањето на наставата на далечина, подготовката за реализација на наставниот час и обезбедувањето материјали за наставата и учењето, функционалностите на НПУД и начините на користење во функција на методиката на наставата,

31 Исто

32 Биро за развој на образованието. Професионален развој на воспитно-образовниот кадар. Документ број 11—835/2 од 21.8.2020 година. Достапен на bro.gov.mk. (посетена на 24.2.2021).

реализацијата на квалитетен час на далечина, поттикнувањето на интересот и одржувањето на мотивацијата за учење и водењето грижа за социјално-емоционалните аспекти на учењето. Овој документ, како и сите други, е креиран и наменет за новата 2020/2021 учебна година.[33]

Бирото за развој на образованието, исто така, изготвило „Упатство за реализација на скратените наставни програми во основното и во средното образование“, како резултат на одлуката на Владата учебната 2020/2021 година да започне на 1 октомври 2020 година. Во документот на БРО се наведуваат низа упатства за планирање и реализација на наставата во рамките на час од 30 минути во основното образование, односно 35 минути во средното образование, а воедно се наведува и методиката што би требало да се имплементира од страна на наставниците при планирањето на наставата во основното и средното образование. Се даваат насоки за тоа како наставниците или училиштата треба да прават корелација меѓу предметите кои обработуваат одредени теми, за да можат најефикасно да ја реализираат наставата, со скратени часови и скратени програми.[34]

Со цел да се опфати целокупниот образовен систем, БРО изготви и документ со упатства за реализација на вонаставните активности, преку платформи за учење на далечина во основното образование на кои се даваат инструкции и насоки за наставниците во врска со тоа како да реализираат вонаставни активности од далечина, а сè со цел да се запази личниот, социјално-емоционалниот и психолошкиот развој на учениците, како што е наведено во последните измени на Законот за основното образование, како резултат на пандемијата КОВИД–19. Ова упатство нуди низа ресурси кои се дел од Националната платформа за учење на далечина (НПУД) и сугерира технички солуции кои ги нуди платформата за организирање работилници, ученички акции, ученичко учество, како и за избор на ученички парламент и избор на заедница на паралелка. [35]

Бирото за развој на образованието креирало упатство за начинот на реализација на наставата по изборните предмети во основното образование во учебната 2020/2021 година. И во овој документ не изостанува употребата на модерни и авангардни образовни концепти.

*„Новата педагогија“ на наставата од далечина подразбира добро разбирање на процесите на учење и нивно поврзување со потенцијалите на иновативните приоди во учењето со користење на дигиталната технологија.*

33 БРО. Упатство за методика на наставата на далечина во основното и во средното образование. Достапно на bro.gov.mk. (Посетено на 15.2.2021 година).

34 БРО. Упатство за реализација на скратените наставни програми во основното и во средното образование. Достапно на bro.gov.mk. (Посетено на 17.2.2021 година).

35 БРО. Упатство за реализација на вонаставните активности, преку платформи за учење на далечина во основното образование. Достапно на bro.gov.mk . (Посетено на 23.2.2021 година).

*За часовите по изборните предмети се препорачува презентирањето на новите наставни содржини да не трае повеќе од половината од предвиденото време на часот, односно околу 15 минути, а преостанатиот дел од часот наставникот да го користи за комуникација со учениците на темата која е битна во тој момент и за која учениците покажале интерес, за прашања од учениците, дополнителни објаснувања, самооценување, давање повратни информации и сл.“ [36] (стр. 1)*

*Јасно е дека со овој документ БРО има за цел да им асистира на училиштата да ги реализираат изборните предмети, преку скратени програми и часови, а со „иновативни педагошки приоди“.[37] (стр. 1)*

Последно во низата упатства кои имаат за цел да наложат нормален тек на образовниот процес, а притоа да се запази педагошкиот и дидактичкиот елемент за време на пандемијата, е „Упатството за реализација на наставата во посебните основни училишта, посебните паралелки во основните училишта и во државните средни училишта за ученици со посебни образовни потреби во учебната 2020/2021“. Ова упатство има за цел да ја регулира наставата за „учениците со посебни образовни потреби (ПОП) или, поконкретно, за учениците со попреченост, кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални или сетилни оштетувања“ за време на вонредни околности. (стр. 1) Овој документ го уредува начинот на организација на наставата за учениците со посебни потреби и им овозможува на посебните основни училишта, посебните паралелки при основните училишта и државните средни училишта за ученици со посебни образовни потреби да ги адаптираат наставните планови и програми флексибилно и според индивидуалните потреби на секој ученик. Во документот се наведува дека наставата во овие училишта треба да се реализира со физичко присуство, согласно поднесените барања до Владата на РС Македонија за организирање настава со физичко присуство. Во крајна линија, документот им дава насоки на училиштата при планирањето и реализацијата на наставата за учениците со специјални образовни потреби за некои од клучните методичко-дидактички стратегии за кои авторите мислат дека би помогнале за успешна реализација на наставата во овие паралелки.[38]

Дел од низата документи кои се креирани за технички да го регулираат текот на наставата во училиштата е и Планот за одржување на наставата во основните и во средните училишта во учебната 2020/2021 година. Овој документ ги презентира протоколите што треба да ги следат основните

36 Исто

37 Исто

38 БРО. Упатството за реализација на наставата во посебните основни училишта, посебните паралелки во основните училишта и во државните средни училишта за ученици со посебни образовни потреби во учебната 2020/2021. Достапно на bro.gov.mk. (посетена на 18.2.2021 година).

и средните училишта за да ги заштитат нивните ученици, наставници и администрацијата од КОВИД–19, а притоа да се обезбеди непречен наставен процес. Имено, документот дава прецизни насоки за тоа како ќе се започне со одржување на наставата во општинските основни и средни училишта и во државните основни и средни училишта, чиј основач е Владата на РС Македонија. Во документот се наведува дека основните училишта можат да ја регулираат наставата комбинирано, преку физичко присуство и од далечина, а учениците јасно се групираат во три периоди за следење настава според нивото на одделението на кое му припаѓаат. Важно е да се напомене дека наставата за учениците од првиот период, односно учениците од прво до трето одделение, се организира со физичко присуство, освен за учениците чиишто родители побарале од училиштето нивното дете да ја следи наставата од далечина. Според овој документ, целокупна настава со физичко присуство им се дозволува само на оние училишта кои ги исполнуваат условите, а кои притоа формално побарале од Владата на РС Македонија да им се овозможи таква можност.

Од друга страна, средните стручни училишта и средните училишта за уметничко образование, спортска гимназија или спортска академија реализираат комбинирана настава, при што наставата по општообразовните предмети се реализира со учење од далечина, а наставата по стручните предмети или практичната настава се реализира со физичко присуство, односно во согласност со протоколите за постапување во средните училишта во РС Македонија за реализација на наставниот процес со физичко присуство, индивидуално за секое училиште, а одобрено од Владата на РС Македонија.

Во документот е посочено дека наставниците треба да ги реализираат онлајн часовите од самите училишта, а од друга страна од директорите експлицитно се бара да овозможат непрекинат интернет пристап и адекватна технологија за реализација на наставата.[39]

Министерството за образование и наука има изготвено и два одделни документа во форма на протоколи за постапување во основните и во средните училишта во РС Македонија за реализација на наставниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година. Овие два документа даваат технички насоки за тоа како да се постапува секојдневно во самите училишта: да се мери температурата на секој ученик на влезот на учениците, да се дезинфицираат рацете и обувките, задолжително да се носи маска и да се држи физичка дистанца меѓу учениците и учениците и наставниците, и многу повеќе. И двата протокола се прецизно дизајнирани, за да обезбедат максимална безбедност од ширење на коронавирусот и заболување на учениците со КОВИД–19. Имено, во истите се наведува дека се забранува секаков физички контакт меѓу наставниците и меѓу учениците,

39 МОН. План за одржување на наставата во основните и во средните училишта во учебната 2020/2021 година. Достапен на mon.gov.mk. (посетена на 1. 3.2021).

, па дури и се потенцира дека се забранува и физичко поздравување помеѓу истите. Исто така, преку овие протоколи се забранува секаков влез на родители во училиштата, а пак за вработените се предвидува сите состаноци да ги одржуваат преку конференциски врски. Бројот на ученици во една училница е максимум 20, со растојание од минимум 1,5 метри.[40]/[41]

Министерството за образование и наука, исто така, креира и алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен или позитивен на КОВИД–19, кој ќе служи како упатство за тоа како да се постапи при појава на дете со симптоми, сомнително на КОВИД–19, постапка при појава на ученик позитивен на КОВИД–19, како и постапка со ученик кој е докажан дека е негативен на КОВИД–19.[42] Дополнително, на училиштата им е достапен и КОВИД-извештај, преку кој училиштата информираат за состојбата во нивните училишта.[43]

# 3 МЕТОДОЛОГИЈА

Со цел да се одговори на прашањата што произлегоа од целите на истражувањето, оваа анализа употреби квалитативна методологија, создадена специфично за контекстот. Имено, целта беше да се добие автентична претстава за процесот на креирање на мерките, нивната дисеминација и нивното влијание врз самите училишта, преку анализа на искуствата и перспективите на самите чинители. Во насока на тоа да добие оригинални сознанија, истражувањето употреби квалитативен модел на истражување, составен од длабински интервјуа со низа актери од самиот образовен систем во државата. Имајќи ја предвид специфичноста на анализата, неопходно беше да се воспостават блиски контакти во форма на отворени разговори со целните групи, за да се добие реална слика за нивните гледишта стекнати преку искуствата во самиот образовен систем. Целта на разговорите беше да генерираат што повеќе содржини кои би помогнале за да се одговорат прашањата од истражувањето. Секој учесник

40 МОН. Протокол за постапување во основните училишта во Република Северна Македонија за реализација на наставниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година. Достапен на mon.gov.mk. (посетена на 3.3.2021).

41 МОН. Протокол за постапување во средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на наставниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година. Достапен на mon.gov.mk. (посетена на 3.3.2021).

42 МОН. Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на КОВИД–19. Достапен на mon.gov.mk. (посетена на 4.3.2021).

43 МОН. КОВИД-извештај од училиште. Достапен на mon.gov.mk. (посетена на 4.3.2021).

во истражувањето доби персонализиран сет полуструктурирани прашања, со цел да се навлезе што подлабоко во суштината на областа, од различни перспективи и во различни регионални контексти.

Времето на одржување на состанокот, неговото времетраење и моделот на реализација на дискусијата се поставуваа заемно меѓу истражувачот и интервјуираниот - сѐ со цел да се добијат што повеќе автентични повратни информации за нивните искуства и перспективи.

Како вршители на јавни функции во интерес на граѓаните на РСМ, сите чинители во образовниот систем се, повеќе или помалку, подложени на голем број интервјуа и истражувања од низа самостојни истражувачи од домашни и меѓународни организации. Како резултат на ова, постои голема можност овие процеси да се претворат во рутински дел од нивната работа и, следствено, добиените повратни информации од целната група да не се сеопфатни и квалитетни. Имајќи го предвид сево ова, оваа специфична методологија создаде контекст во кој истражувачот креира персонално-професионална релација со интервјуираните поединци или групи, преку иницирање на период од 15–минутен разговор како прединтервју. Истражувачот во центарот на разговорот ги става важноста на истражувањето и очекуваните резултати, за притоа да добие и повратна информација од интервјуираниот. Истовремено, преку овие разговори, истражувачот воспостави личен и професионален кредибилитет со елаборирање на етичките вредности што ги применува самото истражување, како предуслов за успешно реализирање длабинско интервју.

Во просек, едно интервју траеше меѓу 45 минути и еден час, не земајќи ги предвид воведните разговори кои траеја не помалку од 15 минути. Важно е да се напомене дека интервјуто со СОНК траеше еден час и 20 минути. Исто така, фокус-групата со учениците од три региони траеше еден час и 30 минути.

Целната група за ова истражување беше внимателно одбрана, во согласност со информациите од проектот и општите и специфични цели на истражувањето. Во однос на автентичноста на истражувањето, целната група беше одбрана преку длабока анализа на самиот систем и преглед на претходните истражувања, сѐ со цел ова истражување да не се вклопи со другите истражувања од областа на образованието за време на пандемијата на КОВИД–19, а воедно и да не реплицира други истражувања спроведени во РСМ и во регионот. Големината на целната група се покажа како соодветна, а трите региони се доволно репрезентативни до крајот на истражувањето.

Ваквиот пристап овозможи истражувањето да ја дополни палетата информации базирани на докази и, со тоа, да ги зајакне аргументите на сите граѓански и меѓународни организации преку автентични сознанија. Учесниците во ова истражување на централно ниво беа раководители на секторите за основно и за средно образование при МОН, претставник на Бирото за развој на образованието, претставник на Синдикатот за образование, наука и култура (СОНК) и претставници од две граѓански организации. На локално ниво, во три региони беа селектирани: една рурална општина од Полошкиот Регион, како административна единица (вклучувајќи го и секторот за образование и едно основно училиште); две урбани општини како административни единици (вклучувајќи го и секторот за образование и две средни училишта) од Источниот и од Пелагонискиот Регион, и една фокус-група со ученици од трите региони. Исто така, се спроведоа и длабински интервјуа со претставници на граѓанските организации од горенаведените региони, за да се добие инклузивна слика која ги вклучува сите актери во секторот. За крај, поради објективни причини, телефонски се реализираа три интервјуа со наставници и професори.

Методологијата на ова истражување, преку имплементација на горенаведените истражувачки пристапи, овозможи успешно да се реализира истражување од областа на образованието, како една од најкомплексните во државата. На национално ниво, се спроведоа 16 интервјуа и една фокус-група со ученици од трите наведени региони. Во целина, истражувањето вклучи добар дел од образовниот систем, преку кој се стекнаа доволно сознанија. Целта не беше само да се одговорат прашањата, туку и да се понуди автентичен осврт на содржината генерирана од целокупното истражувачко искуство. На национално ниво, специфичните цели и прашањата на истражувањето го насочија истото да ги следи административните пристапи и ставови на клучните актери во системот, односно на раководителите на секторите во МОН и во БРО (клучни за креирање на мерките), градоначалниците и секторите за образование при општините (од кои се очекувало да ги дисеминираат добиените мерки до директорите на училиштата), а директорите на училиштата, како последни во административната хиерархија, биле тие кои ги имплементираат истите во нивните училишта, за да ги постигнат замислените цели.

За ова истражување да биде инклузивно и целосно да го отслика образовниот систем, а притоа да се изведе одблиску и со големо истражувачко внимание, се спроведе студија на случај на локално ниво, чијашто цел беше да се додаде вредност на националната студија и истата да се комплетира со податоци од еден специфичен училиштен амбиент. Причината за ова е двојна. Имено, како што наведува феминистичката организациска теорија

на Патрис М. Бузанел (Patrice M. Buzzanell)[44], најавтентични и одржливи информации се добиваат од ранливите и генерално маргинализирани групи или поединци во еден систем. Поаѓајќи од ова, проценката беше дека најдобар начин да се добие целосна и инклузивна слика, би било да се спроведе анализа преку длабински интервјуа на едно специфично средно општинско училиште во државата. Имено, за целосна имплементација на автентичниот квалитативен методолошки пристап за ова истражување, истражувањето се реализираше во комбинација со етнографски пристап во самото училиште во Гостивар - општина полна со различности, која го отсликува мултикултурниот и мултиетничкиот карактер на државата, а притоа нуди покомплетна слика за динамиката на образовните процеси во нормални услови, но и во време на криза.

Истражувањето се спроведе на тој начин што истражувачите станаа составен дел на училиштето во текот на еден цел работен ден. Истражувањето во училиштето продолжи и се одвиваше во период од неколку дена, но поради пандемијата истото се одвиваше онлајн, преку платформата ZOOM. Ова овозможи одговорите на прашањата да се добијат одблиску, преку релаксирани разговори со вработените во администрацијата, наставниците и учениците. Ваквиот пристап, исто така, овозможи да се добие генерален впечаток за мисијата и за влијанието на училиштето во самата заедница, како и за вредноста на самата наставничка професија во локалната заедница. Овој дел од истражувањето, како што се спомена погоре, е инспириран од сир Кен Робинсон (Sir Ken Robinson), кој во својот Њујорк тајмс бестселер „Креативни училишта“ („Creative Schools“) вели дека тогаш кога училиштата ќе достигнат ниво да креираат една цврста култура на работа во самото училиште, тогаш истите стануваат богатство за самата заедница или за целокупниот екосистем.[45] Ова училиште даде една јасна слика за своето влијание во локалната заедница, но и за положбата на наставникот, ученикот и нивните заложби за подобра и подемократска држава.

За крај, идентитетот на сите учесници и организации опфатени со ова истражување, ќе остане целосно анонимен, со цел да се запази етичкиот карактер на истражувањето и на самите истражувачи.

44 Patrice M. Buzanell. Faculty. Department of Communication. University of South Florida. usf.edu

45 Robinson, K. & Aronica, L. (2015). Creative schools: The grassroots revolution that's transforming education. Penguin Books. New York.

# 4 РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

Преку длабинските интервјуа во МОН, целта беше да се добие впечаток за методологијата што се имплементира за креирање на самите мерки, јавната достапност на истите и дали за нивното креирање биле формирани *ад хок* работни групи од повеќе сектори, вклучувајќи ги и граѓанските организации како експертски групи. За време на интервјуто со физичко присуство, можеше да се добие впечаток дека вработените навистина се вложуваат во работата и многу добро ја познаваат секторската проблематика. Сите прашања им беа јасни и тие дадоа исцрпни одговори на истите. Ова укажува на долгогодишното искуство на вработените во специфичните сектори за основно и за средно образование и за нивната професионална подготвеност стекната, во голем дел, од искуството во институцијата.

Од интервјуто спроведено со секторот за основно образование, се увиде дека, и покрај работата вложена во креирањето на мерките и познавањето на истите по тема и по цели, улогата на овој специфичен сектор била да ги *„спроведе протоколите“*.[46] За тоа дали е направена проценка за релевантноста на мерките врз онлајн учењето, по еден релевантен период, се укажа дека тоа не е направено на систематски начин, но дека протоколите имале ефект, затоа што имало низок степен на зараза меѓу учениците, поради тоа што истите биле „добро осмислени“.[47] Сепак, во МОН не креирале *ад хок* експертска група која би служела како центар за менаџирање или за координирање со квалитетот на наставата од денот на започнување на наставата од далечина. Според нив, овој дел не е во нивна надлежност.

*„Тој дел спаѓа под ингеренција на Инспекторатот, а исто така и директорите на училиштата се надлежни за квалитетот.“* [48]

46 Интервју со раководител на Секторот за основно образование, спроведено на 17.2. 2021 во Секторот за основно образование, МОН.

47 Исто

48 Исто

Секторот за основно образование немаше креирано план за работа во вонредни околности, иако под негова надлежност се 362 училишта на национално ниво, што истиот го прави навистина комплексен, а во вонредни околности и со поголеми потреби. Се укажа дека мерките биле пратени преку е-пошта до градоначалниците, а за проследување на истите се користела вибер-група.

*„Ете, ова беше еден градоначалник кој ми ѕвонеше на телефон. Јас сум во постојан контакт со нив, преку телефон и преку вибер-групата.“* [49]

Министерството за образование не направило анализа на работата на директорите како луѓе кои се клучни за менаџирање со квалитетот на наставата. На ова прашање, го добивме следниов одговор:

*„Тоа е прашање за градоначалниците. Но, цениме дека протоколите беа јасни за директорите.“*[50]

Од специфичен интерес за оваа студија е да се даде јасна слика за целиот процес на креирање на мерките, нивната имплементација и нивната јавна достапност. Јасно е дека јавната достапност на мерките на интернет-сајтовите на МОН, БРО и на koronavirus.gov.mk е сосема задоволителна. Исто така, сите изданија на „Службен весник на РС Македонија“ се јавно достапни и таму можат да се следат сите уредби и закони. Сепак, мерките се креирани за специфични целни групи и со специфична цел - да помогнат образовниот процес да се одвива непречено и од далечина, а воедно учениците и наставниците да се заштитат од зараза со коронавирус.

И покрај големиот ентузијазам и вложеност во креирањето на мерките, МОН, односно Секторот за основно образование, нема направено дополнителна анализа за тоа дали мерките биле целосно корисни и дека истите се имплементирале во целост.

*„Анализа не сме направиле, но константно добиваме фидбек од градоначалниците.“* [51]

Интервјуто со Секторот за средно образование се спроведе преку ZOOM-платформата. И од интервјуто со претставниците на овој сектор се доби впечаток дека добро ја познаваат комплексноста на образовниот систем, поточно на средното образование на национално ниво. Претставникот на Секторот овозможи да се добијат богати информации од самиот сектор. Образовниот систем се состои од вкупно 110 средни општински и државни

49 Исто

50Исто

51 Исто

средни училишта, од кои само 23 се во Скопје (79,09 % наспрема 20,91 % во другите општини). Оваа бројка покажува дека значителен број средни училишта се наоѓаат во помалите урбани средини низ државата, факт што ја насочи оваа студија да се фокусира на средните училишта надвор од главниот град.

Истиот принцип на работа бил имплементиран и од овој сектор, како и во Секторот за основно образование. Имено, ниту овој сектор не креирал акциски план за работа во вонредни околности, кој одблиску би ја следел наставата во комуникација со директорите и со наставниците на терен. Исто така, откако креирале еден добар број документи во вид на мерки и истите преку е-пошта ги испратиле до градоначалниците, сè со цел да се препратат до училиштата, истите не направиле проценка за тоа дека мерките стасале до секое училиште. Најважно од сè е дека секторот не направил проценка за влијанието на мерките врз училиштата и врз образовниот процес. Ова е стандардна практика и таа би требало да се случи по одреден временски период, за да се согледа дали макотрпната работа која е инвестирана во креирањето на тие документи вродила со плод. На ова прашање, од Секторот одговорија:

*„Ние не сме спровеле таква анализа. Можеби УНИЦЕФ направиле нешто такво.“* [52]

Целта на овие документи несомнено била да помогнат образовниот процес да се одржува и во вонредни околности, без притоа да се шири заразата со корон вирусот, но и да не се изгуби квалитетот на наставата што ја добиваат учениците. Според претставникот на Секторот, првична цел на сите документи креирани од МОН била да ги заштитат децата и професорите од коронавирусот. Од друга страна, јасно е дека мерките креирани од БРО се фокусираат на давање асистенција на училиштата, од педагошки аспект. Како и да е, за секој протокол или упатство наменето за училиште, чиишто автори не се физички блиски со целните групи, би било логично да се спроведе дополнителна анализа за релевантноста на самите мерки.

*„Не сме направиле таква проценка за да измериме дали мерките се релевантни за училиштата и дали им помагаат во кризата.“*[53]

Крајно, од овој сектор ни изјавија дека не спровеле официјална анализа за ефикасноста на директорите на училиштата како клучни луѓе задолжени за имплементацијата на мерките креирани од секторот. Слично, од истиот сектор, не направиле анализа од која ќе се согледа дали мерките донесени за средното образование биле корисни и дали истите се имплементирале во целост.

52 Интервју со Секторот за средно образование при МОН, спроведено на 26.2. 2021 год.

53 Исто

Како што се наведе и погоре, мерките креирани од БРО се од педагошко-методолошки карактер и тие имале за цел да придонесат да се одржи квалитетот на наставата и учењето од далечина. БРО имал удел и во креирањето на Националната платформа за учење од далечина, која - за жал - не се покажа како функционална. Од БРО наведуваат дека тие дале нивни сугестии за тоа како треба да изгледа таа платформа и што треба да понуди. За истата платформа се организираа обуки за сите наставници, преку мастер тренери селектирани од МОН и од БРО. Ова се предвидува со една од уредбите на БРО (29), преку која сите наставници се повикуваат да учествуваат и да се здобијат со вештини за организирање настава од далечина. Оваа мерка, пред сè, изгледа како многу важна за состојбата и предизвикот на целокупниот образовен систем за време на пандемија. Како резултат на тоа, ова истражување има за цел да се согледа дали е направена проценка за успешноста на обуката, краткорочно и долгорочно.

*„По тренингот, на учесниците им се даваше прашалник за да го споделат своето искуство, но ние ги немаме резултатите.“*[54]

Бирото за развој на образованието добило повратна информација веднаш по обуката, преку прашалник во електронска форма, но ги нема резултатите, што само по себе зборува за пропуст во системот. Таа анализа би требало да биде клучна и да се спореди со анализата за нивото на функционалноста на самиот систем за учење од далечина, која би требало, според стандардите во образовните науки, да се спроведе по еден период од работење на наставниците со платформата.

Слично, и за Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку далечинско учење, односно учење од дома, нема податоци за тоа колку истото им помогнало на наставниците и на професорите. Од БРО укажаа дека тие не направиле таква проценка, но посочија дека можеби УНИЦЕФ го има покриено тој дел. Богатиот и обемен извештај на УНИЦЕФ од нивното истражување, кој е дел од деск истражувањето, нема таков специфичен податок.

Бирото за развој на образованието, како централна агенција на МОН, игра клучна улога во периодот од почетокот на пандемијата, па сè до започнувањето на новата учебна 2020/2021 година. Мерките кои тие ги креирале се обемни и текстуално богати со авангардни елементи од модерната педагогија. Преку текстуална анализа на истите, може да се заклучи дека при нивното креирање се вршело и истражување за модерните трендови во педагогијата, иако не беа наведени фусноти и референци за истите концепти. Со други зборови, се добива впечаток дека Флипт класрум (Flipped Classroom) е концепт кој е првично измислен од БРО, па затоа - според стандардите - задолжително е да се посочи на

54 Интервју со претставник на БРО, спроведено на 9.3.2021год.

изворот за да можат наставниците, професорите и директорите директно да го консултираат истиот и да прочитаат повеќе за тој концепт. Исто така, на тој начин би се респектирала интелектуалната сопственост на авторот или на организацијата која ја измислила и ја оформила за употреба. На пример, еден директор на основно училиште од рурална општина не беше запознаен со концептот и изјави:

*„Овој документ го добивме од секторот за образование во општината. Јас го прочитав, но изгледа дека не сум посветил внимание на тој концепт. Не, не сум запознаен со тој концепт.“*[55]

Истражувањето покажа дека БРО не направило анализа за потребите на училиштата во време на вонредни околности и учење од далечина, за директно да добие увид во нивните потреби, предности и слабости. Исто така, БРО нема направено ниту проценка за влијанието на мерките врз образовниот систем, кои патем тие ги креирале, ниту пак проценка за тоа дали мерките што ги донеле се релевантни за кризата и онлајн учењето.

Граѓанските организации не биле вклучени во креирањето на мерките. Како клучни чинители кои поседуваат искуство и нудат експертиза во секторот, тие би можеле да дадат голем придонес за сите демократски процеси во државата, а истовремено да ја запазат и инклузивноста и да придонесат за квалитетот на самите мерки. Но, граѓанските организации од секторот, кои - за жал - не се многубројни, изјавија дека не биле дел од ниту една инклузивна работна група која работела на креирање на мерките. Истите не биле ниту дел од дисеминацијата на истите или наведени да помогнат за имплементација во училиштата.

Според повратните информации добиени од клучните актери во МОН и во БРО, може да се укаже на тоа дека истите не вклучиле ниту една граѓанска организација од секторот во креирањето или имплементацијата на мерките, уредбите, правилниците или протоколите. Претставник на граѓанска организација од секторот образование, која оперира во една рурална општина во еден од регионите, ни соопшти:

*„Ниту јас, ниту во организацијата немаме никакви сознанија за мерките креирани од страна на МОН или БРО. Не ни се пратени, а и не сме биле повикани да бидеме дел од некаква експертска група за креирање на истите.“*[56]

55 Интервју со директор на основно училиште од рурална општина во Полошкиот Регион, спроведено на 19.3.2021 година.

56 Интервју со извршен директор на граѓанска организација од рурална општина во Полошкиот Регион, спроведено на 26.3.2021 година

*„Можеле барем да ни ги испратат и да нè замолат да помогнеме во училиштата. Ние работиме со основните училишта преку различни проекти и точно знаеме каде можеме да помогнеме. Ќе ги проучевме мерките и ќе организиравме обуки во училиштата во овој регион, за истите да бидат имплементирани. Ние ги познаваме сите директори на основните училишта, но - за жал - истите не се доволно стручни да асистираат од аспект на педагогијата или, генерално, од аспект на образованието.“*[57]

Двете граѓански организации кои функционираат во главниот град, а кои беа дел од ова истражување, се идентификуваат како организации кои можат да понудат експертиза во секторот образование. Истите се подготвени да му помогнат на МОН во секое време, со сите нивни капацитети, а особено за време на криза како што е пандемијата со КОВИД–19, која најсилно го погоди секторот образование. Овие две организации, генерално, имаат соработка со МОН и се идентификуваат како партнери со нив, преку соработка на ниво на работни групи внатре во Министерството или преку консултации и препораки за специфичните програми за учење.

Што се однесува до мерките, во форма како што се претставени погоре во оваа анализа, овие две организации не ги добиле истите преку официјални канали или директно од МОН, односно од БРО. Генерално, и двете организации беа запознаени со мерките донесени за да се организира наставата и да се заштитат учениците и наставниците во време на пандемија со опасниот вирус. Но, за специфични документи, како што е, на пример, Упатството за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку далечинско учење, односно учење од дома, извршниот директор на едната граѓанска организација изјави дека не го поседуваат истиот. Исто така, истата организација не била вклучена **во ниту еден сегмент** на ниту една работна група во креирањето на мерките, уредбите или упатствата.

*„За жал, ние не сме биле формално вклучени на такво ниво (на креирање мерки), во рамките на работна група, или така што ќе седнеме на иста маса со институциите и ќе учествуваме во креирањето на еден ваков еден документ. Имаме соработка со МОН и со БРО, но тоа е во рамките на еден специфичен проект, но не соработувавме со институциите на ова ниво.“*[58]

*„Откако започна пандемијата, нашиот однос со Министерството е реактивен, односно ние сме реагирале тогаш кога од нивна страна била донесена или усвоена некоја мерка или документ, меѓутоа априори, односно не сме биле вклучени во креирањето на тие документи или мерки, како на пример,*

57 Исто

58 Интервју со извршен директор на граѓанска организација на централно ниво, спроведено на 16. 3.2021 година.

*наставата во овие вонредни околности или за учењето од далечина.“*[59]

Граѓанските организации од секторот образование се многу важни во целиот контекст, не само за да се запази инклузивноста во процесот на менаџирање со кризната ситуација во која се најде образованието, туку и поради нивната блиска соработка со голем број училишта. Нивната вклученост во креирањето на мерките може да има неколку позитивни аспект. Првиот позитивен аспект е дека со вклучувањето на граѓанските организации во креирањето на мерките се придонесува за квалитетот на мерките, поради сеопфатноста и инклузивноста на процесот, каде што им се дава удел на организации кои се самомотивирани да дадат свој придонес во секторот; вториот позитивен аспект е дека со вклучувањето на граѓанските организации во креирањето на мерките се придонесува за демократизирање на општеството, со тоа што би се поттикнал граѓанскиот сектор да биде поактивно вклучен во процесите, и третиот позитивен аспект, што е и најважно во целиот контекст, е дека поради нивната блиска соработка со голем број училишта каде што се имплементираат проекти, тие би можеле да помогнат во имплементирањето на уредбите, протоколите и упатствата, преку нивната релација со самите директори и наставници.

Во целиов овој процес е позитивно тоа што една од двете граѓански организации кои оперираат на централно ниво изјави дека била вклучена во креирањето на концепцијата за учење од далечина, во мај и јуни 2020 година. Овој момент е многу важен за ова истражување, затоа што во целиот процес се увиде дека во еден од овие документи, удел имаат и група граѓани кои се вложени во развојот на образованието. Истата организација проценува дека, генерално, во МОН има расположение за партнерство со граѓанските организации, но дека овој концепт на партнерство сè уште не е систематски дефиниран и опфатен во работата на Министерството или во целиот систем во државата.

*„Без суети, ривалство, со конструктивна критика и со вклученост на сите фактори, експерти, невладини организации, институции! Треба да се специјализираат организации за специфични сектори, каде што би можеле да помогнат во насока на подобрување на јавните политики... Само така би можеле да го подобриме образованието во нашата држава.“*[60]

За да пристигнеме до училиштата, требаше да се помине преку општините, односно преку градоначалниците или секторите за образование во истите. Имено, во нашата држава, како што беше наведено и претходно, според Законот за децентрализација, општините се појавуваат како основачи

59 Исто

60 Интервју со претставник на граѓанска организација на централно ниво, спроведено на 15.3.2021 година.

на основните и на средните училишта. Според тој факт, општинските власти беа клучни во оваа анализа, со цел да се утврди нивната улога во креирањето на мерките, добивањето на истите и нивната дисеминација до директорите, за овие последниве да ги спроведат во практиката.

Сите мерки - во форма на упатства, правилници, планови, уредби и повици - кои се креирале на централно ниво, биле испратени преку е-пошта. Оваа информација е добиена од креаторите на овие документи, а општините и директорите не го негираа истото. Оваа специфична тема на истражување не беше многу очекувана од страна на општините и директорите на училиштата. Во една од општините се креираше впечаток дека за темата „мерки“ не е многу разговарано меѓу самите чинители на локално ниво. Од друга страна, луѓето со кои се разговараше на оваа тема во МОН и во БРО ги знаеја деталите за сите мерки. Со други зборови, во оваа специфична рурална општина константно имаше тенденција темата на разговорот да се пренасочи кон една погенерална насока во образованието и кон проблемите со кои се соочуваат општините, генерално, но и за време на кризата. Во еден момент, кога прашањето се насочи кон еден специфичен документ, градоначалникот изјави:

*„Какви мерки!? Каков документ!? Еве ја вибер-групата (покажувајќи го телефонот) и еве какви документи добивам јас во оваа група! Во оваа група е испратен само еден документ во pdf-формат и тој не е за образование. Ние немаме никаква асистенција и, следствено, многу мала комуникација со МОН.“*[61]

*„Можеби овој документ (Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечинско учење, односно учење од дома) бил испратен преку мејл, тогаш во март 2020 година. Треба да провериме во мејловите!“*[62]

Документите кои се испратени до оваа општина не биле централни за време на кризата. Градоначалникот, секторот за образование и директорот, кои заедно присуствуваа на состанокот, не ги препознаа повеќето документи што им беа покажани. Во оваа општина владееше многу позитивна атмосфера на работа и имаше добра соработка помеѓу сите субјекти вклучени во процесот. Сепак, пандемијата ги имаше ставено во искушение сами да се справуваат, со многу малку човечки и материјални ресурси и без асистенција од страна на централните институции. Градоначалникот многу добро ја познаваше фактичката состојба со структурата на образованието во општината и располагаше со точни бројки за истата, без да има потреба

61 Интервју со градоначалник на рурална општина во Полошкиот Регион, спроведено на 19.3.2021година.

62 Исто

да погледне во документите. Целта му беше до крајот на неговиот мандат да ги реновира сите училишта во неговата општина - некои целосно а некои парцијално.

*„За овие реновирања, општината не добила ниту еден денар од МОН или од централната власт. Сите овие реконструкции ги правиме преку грантови од страна на меѓународните организации.“*[63]

Сепак, општината цени дека и за време на кризата со пандемијата, но и во нормални услови, не се консултирани и не се дел од ниту една работна група, за да придонесат за изнаоѓање иновативни модели за подобро функционирање на образовниот систем.

*„Можам да кажам - една големо нула! Толку сме консултирани и инволвирани. А можеме и сакаме да бидеме вклучени. Како градоначалници, ние сме во секојдневна комуникација со училиштата и одблиску знаеме што треба. Кај нас контекстот е специфичен. Сме имале само една средба со Министерката и тоа е тоа, ништо повеќе.“* [64]

Генерално, општините правеле напори да се надмине кризата во сите сектори. Образовниот сектор, по сè изгледа, не бил еден од најприоритетните во руралната општина во Полошкиот Регион. Градоначалниците се лидери на сите процеси во општините и тие менаџираат со буџетот и со неговата реализација. Притоа, тие мора да посветат особено внимание на професионалното портфолио на раководителот кого го назначуваат на таа функција. Обврската на раководителите е да координираат меѓу училиштата и градоначалниците и да им даваат логистичка поддршка на училиштата да ги реализираат нивните наставни планови, како и да ги реализираат целите на краток и на долг рок. Како што се увиде за време на интервјуата со физичко присуство, секторот за образование во оваа рурална општина не поседуваше технички и теоретски знаења од сферата на образованието, за да служи како логистика на училиштата. Како резултат на тоа, секторот не функционираше со полна автономија.

Една од урбаните општини, која беше дел од ова истражување, претставена преку секторот за образование во истата, покажа дека општините имаат умешност да менаџираат со образованието, и во комплексни општински околности, каде што бројот на училиштата е поголем од стандардните урбани општини во земјата. Оваа општина беше селектирана токму поради бројот на учениците кои ги има во системот, но и поради мултикултурниот и мултиетничкиот карактер. Во овој специфичен контекст зачудувачки беше фактот дека немаше цврста соработка меѓу градоначалникот и секторот за образование. Овој момент се рефлектираше и врз директорката на

63 Исто

64 Исто

самата гимназија, селектирана за оваа анализа, која не беше кооперативна во текот на целиот процес. Сепак, од истражувачки аспект, ваквите прилики даваат посебна вредност на истражувањето. Имено, видливо беше дека градоначалникот го прескокнува секторот за образование при општината и комуницира директно со директорката, а притоа се остава настрана еден човек којшто многу добро го познава образованието во општината. Како резултат на ваквата ситуација, се губи квалитетот на образованието, а притоа губитници се професорите и учениците. Затоа, во оваа општина истражувањето се пренасочи повеќе кон наставниците и учениците, за да се согледа како оваа нефункционалност на самата општина, која се рефлектираше и преку дрскоста и недемократскиот пристап на директорката од средното училиште, специфично селектирана за оваа анализа, влијае врз самите професори и ученици. Очекувано, една професорка од самото училиште изјави дека поради преголемото политичко влијание врз главните чинители во училиштето, угледот на професорот е сведен на нула.

*„Јас не припаѓам на ниту една политичка партија, па следствено на тоа, иако веќе неколку години работам во ова училиште, не можам да земам кредит за свои потреби и да продолжам самостојно со животот, затоа што една година ми даваат 10 наставни часа, друга година 14 наставни часа и сè така, секоја година. Не знам што да очекувам.“*[65]

Од друга страна, ученичка од ова училиште изјави:

*„Треба да се засрамат општинските власти кои за повеќе од 15 години не успеаја да изградат убави и модерни училишта, со нормални услови за хигиена како во сите други нормални земји. Како мислат да воведат реформи без модерни училишта, кои воедно ги нема нигде, за нив само слушаме!“*[66]

Сепак, мерките (во форма на протоколи и уредби, како што се прикажани погоре) биле пратени до оваа општина, а потоа и до самите училиштата. Истите биле добиени преку е-пошта.

*„Да, ги добивме преку мејл, но не добивме некоја додатна информација за нив. А овој документ, за кој ме прашувате (Упатство за методика на наставата на далечина во основното и во средното образование), ние сме го добиле,*

65 Интервју со професорка од средно училиште во урбана општина од Пелагонискиот Регион, спроведено на 15.4.2021 година.

66 Повратна информација од ученичка во средно училиште од урбана општина во Пелагонискиот Регион за време на истражување преку фокус-група

*но јас не знам како истиот се имплементирал во училиштата."*[67]

Оваа урбана општина не била дел од ниту една работна група за креирање на мерките, а не беа информирани ниту за некоја друга општина од нивниот регион или за други институции и поединци од секторот. Притоа, тие сметаат дека мерките не биле донесени на транспарентен начин и дека политиката е премногу вмешана во образовниот систем, па како таква не нуди квалитетно образование и во нормални услови, а камоли за време на пандемија.

*„Директорите и наставниците се поставуваат политички. Сè додека ни се случува ова, ние нема да имаме квалитетно образование."*[68]

Во основното и во средното образование, директорите се клучни луѓе кои треба да менаџираат со човечките и со материјални ресурси, за да им овозможат на наставниците да реализираат квалитетна настава. Имено, едно училиште постои за да нуди образование на учениците, кое во РС Македонија е загарантирано со закон. Како организации, и училиштата имаат дополнителни административни и технички процедури кои се дел од секојдневните функции, како хигиената во училиштата и физичкиот развој на истите. Еден таков пример е дигитализацијата на училиштата, која треба да ја водат и имплементираат директорите. Како таква, дигитализацијата е дел од образовниот процес, па работата на еден директор не може да се определи само како техничка. Со други зборови, ако директорите на училиштата не се лидери на образовните процеси во едно училиште, кој друг би можел да го прави тоа наместо нив? Но резултатите покажуваат една поинаква слика. Директорите претежно се гледаат себеси како назначени лица кои вршат технички задачи, а истите ги нарекуваат „педагошки" задачи.

*„Мојата функција е претежно педагошка. Имено, јас сум тука да одржувам ред, хигиена, да се уверам дека учениците имаат вклучено парно во зима, да издавам потврди, да мерам време на доаѓање на професорите на работа, да собирам информации колку отсутни ученици имаме на дневна основа, да се осигурам дека се платени сите сметки и на крајот на учебната година да гледам какви оценки се ставени и, генерално, да менаџирам со физичките ресурси."*

Во овој дел, каде што се анализира функцијата на директорот, ова средно училиште од Источниот Регион имаше сличности со училиштето во руралната општина во Полошкиот Регион, каде што директорот ја

67 Интервју со сектор за образование при урбана општина во Пелагонискиот Регион, спроведено на 23.3.2021 година.

68 Исто

гледаше неговата функција претежно како техничка, а не како педагошка, по дефиниција. Сепак, директорот во училиштето во руралната општина во Полошкиот Регион, во нормални услови одвреме навреме врши опсервации на предавањата на наставниците, наспроти директорот на средното училиште од Источниот Регион.

*„Во нормални услови, јас вршам опсервации за да увидам како се одржува еден час и да се осигурам дека имаме квалитетна настава во училиштето. Секако, претходно ги информирам наставниците, а по посетата пополнувам еден формулар добиен од МОН, односно од службите. Но сега, за време на пандемијата, не го правам тоа.“*[69]

Освен важноста на професионалните профили на директорите и нивните задачи во училиштата, истражувањето се осврна и на мерките. Директорот на средното училиште во урбаната општина во Источниот Регион, при преглед на неколку од мерките, укажа дека повеќето ги добил преку е-пошта, а имаше и такви кои не ги добил, како на пример една од поважните.

*„Овој документ сум го добил (Упатство за наставниците за начинот за оценување на учениците во периодот на реализација на наставата преку далечинско учење, односно учење од дома), а овој не сум го добил (Упатство за реализација на скратените наставни програми). Иако првиот документ го добивме како училиште, истиот не ни беше од голема помош. Оценките од второто полугодие од учебната 2019/2020 генерално се нереални.“*[70]

Директорите на училиштата се наведуваат како субјекти во административната хиерархија кои би требало да сносат најголема одговорност за училиштата. Кога тие би биле функционални, директорите - како лидери на наставниците и учениците - би требало да ги наградуваат. Истотака, кога училиштата се покажуваат како нефункционални, директорите би требало да сносат одговорност. Во овој аспект, и за наставниците важи истото, но поради фактот дека директорите се насочуваат како професионално неподготвени да се соочуваат со потребите на модерното образование и да го водат истото напред во дигитализација, тие се субјекти на критика од страна на независните и невладините организации.

*„Директорите се најслабата алка во системот.“*[71]

69 Интервју со директор на основно училиште на рурална општина во Полошкиот Регион, спроведено на 19.3.2021 година.

70 Интервју со директор на средно училиште од урбана општина во Источниот Регион . спроведено на 26.3.2021

71 Интервју со претставник на СОНК, спроведено на 12.3.2021 година.

Невладините организации сметаат дека е неопходна реформа во целокупниот систем. Воедно, од нивна страна се потенцира дека директорите, како централни во образовниот систем, треба да играат клучна советодавна улога во училиштата, особено кога станува збор за мерките и за нивната имплементација за време на кризата.

*„Мерките најверојатно стасале до сите училишта или, барем, би требало да е така, но дали училиштата ги проучиле истите - тоа е друго прашање. Претпоставувам не, затоа што на некои училишни колективи им е потребна поголема советодавна поддршка, а некои од клучните луѓе кои треба да дадат советодавна поддршка се полустручни. Генерално, многу е мал бројот на луѓе кои имаат академско портфолио во областа на образованието.“*[72]

Наставниците, професорите и учениците остануваат движечка сила во самиот образовен систем. Наставниците и професорите се секојдневно во директен контакт со учениците, па генерално се цени дека тие поседуваат многу повеќе информации и податоци за нив, многу повеќе од оценките што им ги даваат. Податоците од самите наставници и професори покажуваат дека за време на пандемијата, кога целиот систем се стопираше, тие најдоа начин како да преминат онлајн и да се среќаваат со учениците од далечина, преку персонални телефони или компјутери.

*„Наставниците одиграа многу важна улога за учебната година да се заврши минатата учебна година - од почетокот на март до 10 јуни. Можам да кажам дека наставниците се многу трудољубиви и дека секогаш прават сè за учениците да добијат добро образование. Но истите не се системски поддржани, а и не се добро платени.“*[73]

Од сите разговори реализирани во форма на интервјуа за целите на ова истражување, речиси сите наставници имаа да кажат многу нешта во врска со тоа зошто образовниот систем во целост претрпе најмногу влијанија за време на пандемијата. Главна тема меѓу сите наставници/професори беше фактот дека не се инвестира во образованието, преку инвестирање во професионалната надградба на наставниците и директорите, и дека системот е стар, со речиси никакви суштински реформи, во кои клучни субјекти би биле самите наставници и професори.

*„Ние најдобро знаеме како треба да изгледа реформата во образованието, но нас никој за ништо не нè прашува. Оставени сме настрана, исто како што бевме оставени да се справиме со онлајн учењето од почетокот на пандемијата па досега.“*[74]

72 Интервју со претставник на граѓанска организација на централно ниво, спроведено на 15.3.2021 година.

73 Интервју со претставник на СОНК, спроведено на 12.3.2021 година.

74 Интервју со наставник од основно училиште од рурална општина во Полошкиот Регион, спроведено на 12.4.2021 година.

Мерките не стасале до наставниците. Ниту еден од наставниците не ги препозна документите што ги добија преку е-пошта како дополнителни документи во текот на самите интервјуа.

*„Какви се овие документи, не разбирам. За нас се наменети!? Па и да ги добивме, што би промениле истите како такви? Можеби би требало да се пратат, односно да дојдат оние кои ги напишале и да ни ги објаснат. Едниот документ има 49 страници! Зарем тие мислат дека ќе седнат да пишуваат документи и истите ќе ни ги испратат и ние преку ноќ ќе реализираме подобра онлајн настава. Ве молам!“*[75]

Наставниот кадар проценува дека е потребна итна инвестиција во дигитализацијата на училиштата и дека таа треба да се случи во најбрз можен рок. Истите бараат да можат постојано да се надградуваат, преку партнерства и програми за размени кои ќе овозможат една поинаков осврт на модерното дигитално образование. Дигитализацијата ја гледаат како неизбежна и таа, како таква, треба да стане дел од високообразовните институции кои обучуваат кадар за образовните институции. Исто така, наставниците сметаат дека за одржливи реформи, треба да се подигне вербата во наставниците, преку подигање на вредноста на наставничката или на професорската професија во општеството.

*„Нам ни требаше секојдневна обука за време на летото, а не документи. Ни понудија кратка обука за да ја употребуваме платформата, која подоцна се покажа како нефункционална. За да имаме одржливи реформи, нам ни е потребна огромна инвестиција во насока на целосна дигитализација на училиштата и обука преку програми за размена. А за да дојде до целосни реформи во образованието, прво мора да се врати достоинството на професорската професија во општеството.“*[76]

Наставниците и учениците имаат многу слични гледишта за тоа како треба да изгледа образовниот систем по пандемијата. Учениците гледаат на пандемијата како можност за промена на сегашниот застарен образовен систем, еднаш засекогаш. Тие веруваат дека е време дигитализацијата да стане дел од образовниот систем и дека кога се ќе се врати во нормала, системите за управување со учењето преку интернет ќе останат составен дел училиштата. Пристапот до системот за учење преку интернет ќе им овозможи на учениците да бидат во постојан контакт со предметот, да имаат

75 Интервју со професорка од средно училиште од урбана општина во Пелагонискиот Регион, спроведено на 15.4.2021 година.

76 Интервју со професор од средно училиште од урбана општина во Источниот Регион. спроведено на 26.3.2021

пристап до материјалите за учење и наставникот во секое време, и да го продолжат учењето надвор од времетраењето на часовите, кои генерално траат 45 минути.

*„По пандемијата, мора да се вложи многу во развојот на нови методи на предавање од страна на професорите, преку комбинирани пристапи. Во истата гимназија каде што учам јас учел и татко ми и таму нема никаква промена од тоа време, па сè досега. По пандемијата, мора многу да се вложи во модернизацијата на методиката на предавање и на целокупната педагогија. Понатаму не може вака.“*[77]

*„Се согласувам со колегата. Мислам дека по пандемијата сите професори кои се блиску до пензија треба да се пензионираат, преку субвенционирање на нивните пензии, за да се случи промена. Искрено, постарите професори нема да се променат и модернизираат, а за помладите мора да се создадат услови за да се здобијат со модерни вештини за предавање. Не смее веќе да ни биде здодевно во училиште.“*[78]

Партизацијата на образованието е уште една **заедничка** точка во која се среќаваат учениците и наставниците. Учениците сметаат дека токму поради овој негативен феномен, моментално и нема функционален образовен систем. Науката и технологијата се менуваат, па така треба да се менуваат и составните делови на образовниот систем, како што се и професорите и учениците, преку образованието што го добиваат. Учениците сметаат дека треба да станат дел од одлучувањето, па затоа нивното образование треба да се базира на критичка мисла, учење преку проекти базирани на проблеми и учење преку различни искуства во самото општество. Тие сметаат дека овие работи не се учат од партиски поставени професори! Напротив, учениците сметаат дека истите се учат од млади и талентирани професори, кои пред сè знаат како да креираат релација со нивните ученици и да ги мотивираат да постигнат повеќе.

77 Повратна информација од ученик од средно училиште за време на фокус-групата со ученици од три региони во РСМ, спроведена на 5.4.2021 година.

78 Повратна информација од ученик од средно училиште за време на фокус-групата со ученици од три региони во РСМ спроведена на 5.4.2021 година.

*„Имам една млада професорка која само што завршила факултет и можам да кажам дека начинот на кој таа се поврзува со нас, односно релацијата професор-ученик е на едно сосема поинакво ниво, споредено со тоа како постарите или политички поставените професори се поврзуваат со нас. Проблемот е во тоа што овие добрите професори не траат долго во нашите училишта, затоа што не се доволно ценети.“*[79]

Квалитетот на образованието, како клучен дел на целиот образовен процес, не е фокусна точка за време на пандемијата, сметаат учениците. Според нив, се даде преголема важност на здравјето, кое е од големо значење, но за матурантите кои се дел од фокус-групата, изгубеното во овие месеци, преку неквалитетно онлајн образование, ќе биде пресудно за нивниот можен неуспех да се запишат на универзитетите каде што планирале години наназад.

*„Добро е тоа што државата се грижи за нас и за нашето здравје, но квалитетот на образованието е исто толку важна работа сега кога учиме онлајн. А квалитет, може да се каже, во вакви услови, со овие професори и со овие материјали од кои учиме - нема. Како што поминува времето станува сè полошо и јас не гледам никакво подобрување во таа насока.“*[80]

Образованието останува клучно за учениците. Тие не сакаат да преговараат за тоа дали во едно општество образованието е најважно или не. Силно ја поддржуваат максимата дека образованото општество е слободно општество, па според тоа сите национални капацитети треба да се насочат кон реформа во образованието со одржлив развој, којшто би го имал и нивниот потпис. По примерот на развиените земји, учениците бараат инклузивна реформа во целокупниот систем.

*„Тажно е ова што се случува во нашата држава. Сметам дека основата на секоја држава е образованието и сè што прави една држава треба да започне со подобрување на образованието... Оттаму треба да се почне! Не можеме да правиме реформи во кој и да е друг сегмент во општеството доколку не ни чини образованието, а кај нас се случува токму тоа.“*[81]

79 Повратна информација од ученик од средно училиште за време на фокус-групата со ученици од три региони во РСМ, спроведена на 5.4.2021 година.

80 Повратна информација од ученик од средно училиште за време на фокус-групата со ученици од три региони во РСМ, спроведена на 5.4.2021 година.

81 Повратна информација од ученик од средно училиште, за време на фокус-групата со ученици од три региони во РСМ, спроведена на 5.4.2021 година.

# 5 ЗАКЛУЧОК

Целта на ова истражување беше да се процени влијанието, релевантноста, транспарентноста и искористеноста на мерките (во вид на протоколи, уредби, упатства и планови) креирани од страна на МОН и БРО, во образовниот сектор на национално ниво, во услови на криза како резултат на пандемијата КОВИД-19. Како резултат на кризата, Владата на РСМ, МОН и БРО, преку уредби со законска сила, односно преку протоколи, уредби, упатства и планови, се обидуваа да го загарантираат нормалниот тек на образовниот процес за време на вонредни околности, како резултат на пандемијата.

Министерството за образование и наука и БРО креираа документи со голем број информации, сè со цел да го регулираат одржувањето на наставата со физичко присуство, но и учењето на далечина. Преку прегледот на сите документи, направен за целите на оваа анализа, се увиде дека драгоцено време е инвестирано во креирањето документи од луѓе кои поминале долго години во МОН и во БРО и кои добро го познаваат секторот и потребите на истиот. Исто така, преку текстуална анализа на мерките, се добива јасен впечаток дека се направени истражувања за модерните текови во образованието и дека во истите документи се вметнати нови елементи за одржување квалитетна настава од далечина, преку онлајн системи за учење од далечина.

Иако овој елемент не беше генерална тема на разговор за време на интервјуата, голем број светски познати универзитети, преку нивните центри за стратегиско пишување, наведуваат дека познавањето на целната група за која се пишува еден специфичен текст е од клучна важност за текстот да биде целосно јасен. Имено, за да се напише содржина што ќе поттикне разбирање кај некого, авторот на текстот мора да знае кој ќе го прочита истиот, односно за која целна група е пишуван. Универзитетот Индијана во Пенсилванија наведува дека пред да се напише еден текст, најдобро е да се направи проценка на знаењата на целната група, преку селектирање на неколку членови на групата со кои авторот некогаш имал контакт.[82]

82 Indiana University of Pennsylvania Writing Center. Determining your audience. Достапно на iup.edu/writingcenter. Посетена на 20.4.2021 година.

Сè појасно е дека текстот на мерките, претежно оние наменети да им асистираат на директорите, наставниците и на професорите, за одржување непрекината настава од далечина, содржеле поими кои не им биле сосема јасни. Истите не содржат референци и фусноти за оригиналните извори кои се консултирани. Примерот со концептот на *Флипт Класрум (Flipped Classroom)* со директорот на основното училиште во една рурална општина, доволно јасно покажува дека новите образовни концепти не би требало да се воведат во документите кои се наменети да им асистираат на директорите и на наставниците за одржување на непрекината квалитетна настава.

Голем број мерки не ни стасале до самите училишта. Иако опцијата за праќање преку електронска пошта овозможува брза и сигурна дисеминација на документите од тој вид, истите не беа добиени од училиштата, односно од директорите. Од друга страна, наставниците не беа запознаени дека мерките, како такви, постоеле. Речиси во секое училиште или општина, имаше по една или по две мерки коишто воопшто не биле добиени. Иако целта на мерките била да им послужат на училиштата, односно на наставниците, за да можат да реализираат квалитетна настава, а воедно учениците да го совладаат материјалот наменет за нивно специфично и холистичко развивање, истите и не биле суштински - ниту во општините, ниту во училиштата. Впечатокот што произлезе од сите средби укажуваше на тоа дека училиштата, освен употребата на ТЕАМС (која во последно време ја наведуваа како функционална, по фијаското со националниот портал), сите мерки кои беа предмет на дискусија за време на интервјуата не беа од интерес за нив, затоа што немаше што да се каже. Со други зборови, и тие мерки кои беа стасани до општините или до училиштата, не беа проучени од нив.

Мерките не стасале до училиштата токму поради фактот што многу чинители од образовниот сектор во различни региони не биле вклучени при нивното креирање. Ова значи дека мерките не се донесени на транспарентен начин, па поради тоа не ја постигнале целта да влијаат подеднакво позитивно кај сите училишта во државата. Ниту еден директор на училиште, раководител на сектор за образование, наставник, ученик од средно училиште, од трите региони кои беа дел од ова анализа, не кажа дека биле дел од некаква група за креирање мерки, протоколи, уредби или планови. Една од најголемите енигми во овој процес, за која се согласуваат сите засегнати страни во секторот, е причината зошто МОН и БРО не спроведоа никакви последователни обуки со директорите и наставниците во училиштата. Овој процес би помогнал во голема мера во успешното спроведување на секоја мерка, како што првично беше предвидено..

Од друга страна, ниту една централна или локална граѓанска организација од секторот образование не изјави дека била вклучена во креирањето на мерките. Наспроти фактот дека две граѓански организации веќе соработуваат со МОН и со БРО на други проекти, тие не биле поканети да се вклучат и да помогнат. Како што се наведе претходно, истите би можеле да помогнат за нивна дисеминација до училиштата, каде што тие веќе имплементираат проекти или волонтираат. Организациите кои се дел од ова истражување имаат многубројно членство приличномлади луѓе, кои би можеле да се вклучат и преку обуки за имплементација на мерките. Всушност, ова е понудено од една граѓанска организација која функционира на локално ниво.

*„Можеле барем да ни ги пратат и да нè замолат да помогнеме во училиштата. Ние работиме со основните училишта, преку различни проекти, и точно знаеме каде можеме да помогнеме. Ќе ги проучевме мерките и ќе организиравме тренинзи низ училиштата во овој регион, со цел истите да бидат имплементирани. Ние ги познаваме сите директори на основните училишта, но за жал истите не се доволно стручни за да асистираат од аспект на педагогијата или, генерално, од аспект на образованието.“ (исто како фуснота 57)*

Мерките донесени и креирани од МОН и од БРО содржат релевантни информации за кризата, но не се релевантни за истата. Тие содржат јасни упатства и јасни протоколи за училиштата да се заштитат од коронавирусот, а притоа да понудат непрекината настава преку физичко присуство или од далечина, но истите не ја постигнале целта. За истите, нарачателите и авторите не направиле проценка за нивното влијание. Оваа анализа покажува дека мерките немале позитивно влијание врз училиштата и врз образовниот процес, затоа што – генерално - општините и училиштата кои се дел од ова истражување, не ги добиле истите или добиле само мал дел од нив. Во прилог на ова е и истражувањето на УНИЦЕФ, кое наведува дека насоките кои ги добивале наставниците генерално биле недоволно јасни.

*„Значителен дел од наставниците оценуваат дека воопшто не добиле насоки или пак дека не добиле доволно јасни насоки за организирање на наставата на далечина од страна на МОН, а особено од органите на МОН.“*[83]

*„Наставниците сметаат дека во отсуство на конкретни насоки за организирање на наставата на далечина, биле препуштени да се снаоѓаат сами, како што покажуваат и квалитативните наоди.“*[84]

83 Реактор – истражување во акција. ИСКУСТВА И СТАВОВИ ВО ВРСКА СО УЧЕЊЕТО НА ДАЛЕЧИНА. Комбинирани наоди од истражување со директори, наставници, родители и ученици. Период: јули – август 2020. Извештај добиен директно од УНИЦЕФ Скопје.

84 Исто

За учениците беше особено важно, за возврат, холистички да ја оценат работата на Министерството за образование и наука во менаџирањето со образовниот процес за време на пандемијата. Преку оценка од 1 до 10 (каде што 1 е најслаба, а 10 најдобра оценка), од 9 ученици од три региони кои учествуваа во фокус-групата, само еден ја оцени со 3, а сите други ја оценија со нула. Во целина, и наставниците и учениците сметаат дека јазот во образовниот систем, којшто моментално изнесува 3,7 години, ќе се продлабочи поради кризата со пандемијата, а со тоа ќе изгубиме сите на државно ниво. Наставниците сметаат дека преку еден инклузивен процес, каде што би биле вклучени тие, како и експертите и граѓанските организации од секторот, мерките би го постигнале нивниот ефект. Учениците од средните училишта, исто така, сметаат дека можеле да дадат свој придонес преку нивното ангажирање. Тие сметаат дека како последни корисници на системот за образование, би се ангажирале со сиот нивен потенцијал, со цел истиот да биде функционален, да се намали јазот и тие да ги постигнат своите идеали преку квалитетно образование. Како што наведоа, тие нема да отстапат од барањето да се вложува во професионалниот развој на наставниот кадар, преку развој на модерни методи за предавање и за учење.

За крај, слично на она што го вели ученикот погоре, го вели и сер Кен Робинсон во неговата книга „Креативни училишта“ („Creative Schools“). Според него, формалното образование има три главни елементи, и тоа: *програмите за учење*, *предавањето* и оценувањето. Тој проценува дека *„без оглед на тоа колку е детална една програма за учење и колку се скапи тестовите, главниот клуч за трансформирање на образованието е преку подигање на квалитетот на предавањето.“*[85] (стр. 100)

85 Robinson, K. & Aronica, L. (2015). Creative schools: The grassroots revolution that’s transforming education. Penguin Books. New York.

# 6 ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Целта на ова квалитативно истражување беше да се добие автентичен впечаток за процесот на креирање на мерките, нивната дисеминација и нивното влијание врз самите училишта, преку анализа на искуствата и перспективите на самите чинители. Преку една солидна комбинација на сите стратегии, алатки и методи, истражувањето ги постигна поставените цели и даде одговори на прашањата. Ресурсите и логистиката овозможија да се реализираат во целост сите планирани интервјуа, со сите предвидени субјекти во секторот образование, во три региони во РС Македонија (Полошкиот, Пелагонискиот и Источниот Регион). Самите учесници вложија напор и време да дадат што повеќе содржина на разговорите на самата тема, а воедно да одговорат на прашањата кои овозможуваа слободни и отворени одговори.

Ограничувањата на ова истражување се главно периферни и не влијаат на квалитетот на резултатите и на заклучоците. За квалитативни истражувања кои се фокусирани на тоа да генерираат теми и содржини преку искуствата на учесниците, профилот и интегритетот на самите учесници е многу важен. Учесниците кои беа дел од ова истражување се клучни субјекти во секторот, во сите три региони во државата, и воедно се активно вклучени во креирањето на генералната образовна клима на сите нивоа. Како такви, во комбинација со методолошката рамка, истражувачката стратегија, заедно со специфичните алатки, придонесоа ова истражување да ги постигне своите цели.

Самата пандемија КОВИД–19 се постави како ограничување на ова истражување. Во нормални услови, наместо на ZOOM или преку телефон, сите длабински интервјуа би се реализирале со физичко присуство и во многу поудобни простории и амбиенти. Ова е специфично и особено важно за средбите со директорите, наставниците и учениците. За време на интервјуата, директорите и наставниците секогаш посочуваа дека кога би ги покажале физичките услови во нивните училишта, тогаш нивната перспектива би била појасна за истражувањето. Од друга страна, учениците беа среќни што учествуваат во истражувањето, затоа што се почувствуваа вреднувани поради можноста да укажат на условите во училиштата во кои учат и насочуваа дека би сакале директно да нѐ насочат кон лошите

услови во нивните училишта, за да се добие покомплетна слика за нивните аргументи.

Училиштата во Скопје не беа дел од ова истражување. Имено, само 25 % од населението живее во главниот град, а преостанатите 75 % живеат во помалите урбани и рурални општини. Поконкретно, според Светска банка, 40 % од населението живее во рурални средини[86], при што може да се заклучи дека преостанатите 35 % живеат во помалите урбани општини. Ова, само по себе, укажува на тоа дека образовниот систем во РС Македонија го сочинуваат главно училишта од помали урбани и рурални општини, кои според многу истражувачи и теоретичари (на пример, Патрис Бузанел) се посочуваат како слој на општеството каде што би требало да се побара вистината. Исто така, целта на ова истражување не беше да се извлечат индикации, туку - напротив - да се направи фактичка проценка за влијанието на КОВИД–19 врз секторот образование и притоа да се генерираат заклучоци преку искуствата на самите учесници. Исто така, кредибилитетот на учесниците, како важен елемент во ова квалитативно истражување, е дополнителна причина за истражувачката вредност и сеопфатност. Етиката и транспарентноста на ова истражување се два движечки елемента кои помогнаа во целиот процес - од креирањето на методологијата, генералниот приод, креирањето на алатките, па сѐ до целосната имплементација.

86 The World Bank. Primary Education Improvement Project (P171973). Project Information Document (PID). 28 September, 2020. Достапен на documents1.worldbank.org . (посетена на 10.3.2021).

# 7 ПРЕПОРАКИ

Заклучоците и наодите од анализата покажуваат системски аномалии кои би требало да се надминат во најбрз можен рок, со цел да се избегнат натамошните влијанија врз образовниот систем, а со тоа и врз успехот на учениците. Кризата со КОВИД–19 продолжува и во време кога се пишува овој извештај, па како резултат на тоа, институциите мора да реагираат за образованието да се пренасочи на вистинскиот пат, во овој клучен период пред завршувањето на учебната година. Исто така, институциите мора да ги научат лекциите од пропустите во менаџирањето со оваа криза, затоа што слични кризи можат да се случат и во иднина.

Транспарентноста во целокупното работење на МОН и на БРО треба да се подигне на повисоко ниво, преку вклучување на клучните актери во креирањето на мерките и политиките. Најважни чинители кои би можеле да помогнат во креирањето на мерките, упатствата, протоколите и уредбите се самите граѓански организации од секторот образование, кои функционираат на централно и на локално ниво. Исто така, за да се избегне креирање на голем број документи, а истите да не бидат имплементирани или генерално неразбирливи, училиштата преку директорите и наставниците треба да бидат дел од сеопфатните работни групи. На иста линија, раководителите на секторите при локалните општини мора да бидат вклучени во носењето одлуки. Тие се во постојан контакт со училиштата и ја познаваат динамиката во секторот на терен. Сево ова би придонело да се зближат централните институции, како МОН и БРО, со локалните општини, а со тоа и со училиштата и наставниците и да ги запознаат истите. Во иднина, при креирањето на мерките или политиките, да се земат предвид карактеристиките на целната група, како што се сугерираше од Универзитетот на Индијана во Пенсилванија.

Кога сме кај граѓанските организации од секторот образование, наодите од ова истражување покажуваат дека истите ги нема во доволен број во државата, па како резултат на тоа мора да се поттикне креирањето нови организации, и на централно и на локално ниво. На пример, во Источниот Регион, освен една граѓанска организација чијашто примарна област е неформалното образование, не постојат други кои би функционирале како watchdog-организации или експертски тимови кои би им помогнале на

самите училишта и на целиот образовен систем. Граѓанската организација која е активна во Источниот Регион укажа на тоа дека има голема потреба од организации кои ќе го следат, евалуираат и поддржат образованието на ниво на регион. Специфично, се наведе дека се потребни конкретни проекти за унапредување на квалитетот на учењето, предавањето и воннаставните активности.

Воедно, Франсоа Лафонд, советник на вицепремиерот за европски прашања во Република Северна Македонија, инаку вонреден професор и предавач на повеќе универзитети, во интервју за порталот МКЕУ, нагласи:

*„Граѓанското општество и граѓанските организации мора да бидат храбра противтежа и тоа да го прават што е можно попрофесионално и поригорозно. Колку повеќе ќе ги развијат своите активности за набљудување, толку земјата подобро ќе напредува.“* [87]

Релевантните институции секогаш треба да планираат придружни анализи за проценка на ефективноста на мерките и на политиките по еден одреден период. Преку ова, ќе се овозможи да се измери релевантноста на самите мерки или политики за секторот, а истиот процес ќе овозможи и да се подобри моделот на креирање и дисеминација на документите до крајните корисници.

Меѓуинституционалната соработка мора да се унапреди на повисоко ниво, преку креирање планови за работа во кои, преку вертикална линија, би се инволвирале сите чинители во образовниот систем, а како најважни алки во системот треба да се сметаат професорите/наставниците, учениците и родителите. Ова истражување ги идентификуваше овие групи како неинволвирани и недоволно слушнати.

Во овој сегмент, за функционална меѓуинституционална соработка е неопходно да се креира дигитален интранет систем, каде што сите релевантни институции ќе комуницираат едни со други, без надворешни влијанија. Овој систем ќе овозможи добивање документи во реално време, како и преку телеконференциска врска, и ќе ги вклучи сите засегнати страни да се информираат за истите од страна на самите автори.

Мерките и политиките во иднина треба да се креираат преку претходно направени детални анализи за потребите на училиштата и на учениците. Ваквите анализи, во време на криза, можат да се спроведат преку дигитални алатки и да се препратат до самите училишта. Но во нормални услови, може да се употребат комбинирани модели на дигитални алатки и

87 МКЕУ. Ресурсна платформа за граѓани и медиуми. Интервју со Франсоа Лафонд, советник на вицепремиерот за европски прашања во Република Северна Македонија. Достапна на eu.org.mk. Посетена на 20. 4.2021 година

истражувања на теренот. Тоа особено важи за претставниците на МОН и на БРО, кои треба да излезат од канцелариите и да поминат повеќе време во училиштата, да се сретнат со наставниците/професорите, учениците и со родителите. Мерките или политиките не треба да се креираат во нивните канцеларии, без одблиску да се познава ситуацијата на теренот, како што се случи со мерките кои беа предмет на ова истражување.

Методите на работење во канцелариски услови, односно бирократските методи, треба да претрпат реформи. Без да се промени овој пристап, нема да може да се спроведе никаква друга реформа кон која се цели во образовниот систем. Само содржински познавања на теренот и голем број информации добиени преку истражувања во кои ќе бидат вклучени директорите, наставниците учениците и родителите, ќе овозможат структурни реформи во образованието. Кога сме кај директорите, потребно е тие да почнат да играат клучна улога во менаџирањето на квалитетот на наставата и да покажат лидерство со сите зачнати реформи. Исто така, потребна е законска промена за назначување на директорите, преку давање поголеми овластувања на училишните одбори, кои би ги назначувале истите, а би можеле и да ги отпуштат. Одборите би требало да го преземат менаџирањето со училиштата. Овој закон би требало да го одреди и начинот на кој се избираат членовите на овие одбори. Еден ваков закон би требало да го одреди и профилот на раководителите на секторите за образование при општините, како клучни за координација и давање логистика на училиштата. Преку еден ваков модел на организирање на основното и на средното образование во нашата држава, ќе можеме да имплементираме модерна и уникатна децентрализација на образованието, која истовремено ќе помогне и за демократизација на општеството.

Квалитетот на учењето и предавањето треба да се запази како највредно национално богатство во образовниот систем. Воедно, сите документи наменети за подобрување на квалитетот на образованието треба да бидат придружени со соодветни обуки. На хартија, документите се добри и содржат многу значајни информации, но без обуки што ќе ги спроведат самите автори, тие нема никогаш да им бидат од помош на училиштата.

За крај, МОН треба да спроведе севкупно истражување за собирање податоци од самите училишта. Една ваква операција, која ќе собира специфични податоци (small data), ќе овозможи да се креираат поквалитетни политики. Земјите со напредни образовни системи го правеле ова во првата фаза на реформите, при што целата операција е организирана и реализирана преку самите актери во образовниот систем. Ова би овозможило директно запознавање на луѓето кои работат во системот со самиот систем, што би резултирало со креирање квалитетни политики преку еден инклузивен процес. Ова, исто така, ќе ги активира и самите училишта и општини да ги подготват училиштата за ваквата операција и,

воедно, сите ние би научиле од резултатите. Од друга страна, ова ќе ги мотивира и граѓанските организации од секторот да учествуваат и, воедно, ќе биде поттик за креирање нови граѓански организации од секторот, кои во моментот се во мал број. Во моментов, образованието во нашата држава се води преку големи податоци (big data), кои за свои истражувачки цели ги собираат големите организации, како Светска банка или ОЕЦД. Паси Салберг (Passi Sahlberg), еден од најпознатите експерти од Финска, вели дека ако не го менаџираме образованието преку специфични податоци, тогаш ќе дозволиме да бидеме менаџирани од големите податоци. (If you don't lead with small data, you'll be led by big data).

"Х.Г. Велс (H.G Wells) еднаш рекол:

*Цивилизацијата е трка меѓу образованието и катастрофата.*"

